

весник на младите
ФОКУС
од Скопје

број 43
12-5-1971
цена 1 дин.

се движи како рис околу жртвите —
Доне ја стиска капата во рацете —
неговата глава блеска —
свеќата слабо ја осветлува малата соба —
капетанот врти околу него —
зема една гумена палка од еден војник —
удар по главата на Доне —
удар —
удар —
удар —

— ВИДИ ЛЕБА ТИ КАКО ОТСКОКНУВА. ЗАР НЕ Е СМЕШНО.

се чуди и радува капетанот —

— АЈДЕ ТИ

му се обрнува на еден војник —
удар по глава —
удар по главата —
удар по главата —
удар по главата —

— СТОЈ. ПАЗИ ДА НЕ ЈА ПОВРЕДИШ ТАА ЧУДЕСНА ГЛАВА

капетанот ја фаќа палката од војникот —
има идеја.
воодушевен е —

— ОНОЈ НАДВОР

покажува кон Марко —
двајцата војници го истуркуваат Марко надвор од собата —

— ТИ, СОБЛЕЧИ ГИ ПАНТОЛОНИТЕ И ГАЌИТЕ

му се обраќа на војникот во ќошето —
војникот ги соблекува пантолоните —



— НЕВИДЕНО

смеење —
смеење —
смеење —
капетанот станува сериозен —

— ДОСТА, ОБЛЕЧИ СЕ
— КАКО СЕ ВИКАШ?

кон Доне —
— АНДОН СОВИЧАНСКИ ГОСПОДИНЕ КАПЕТАНЕ
— ОД КАДЕ СИ?
— ОД СЕЛО САРАКИНОВО, ВОДЕНСКА ОКОЛИЈА ГОСПОДИНЕ КАПЕТАНЕ

капетанот му намигнува на војникот

— ОД ОНА БАНДИТСКО ЛЕГАЛО

со палката го удара по глава —

— ОД ОНА БУГАРСКО ЛЕГАЛО

продолжува капетанот —

— НЕ ГОСПОДИНЕ КАПЕТАНЕ. НАШЕТО СЕЛО НЕ Е БУГАРСКО. НИЕ СМЕ ЕНДОПИ — МАКЕДОНЦИ
— СИТЕ ВИЕ СТЕ КОМУНИСТИ. ЗОШТО НЕ ПРИЗНАВАШ

удар — го треснува по главата —

— НЕ ГОСПОДИНЕ КАПЕТАНЕ. НЕ
— НЕ СМЕ КОМУНИСТИ

капетанот беснее —
вреска —
се дере —
се поти —
— СИТЕ СЕЛА ОД ГОРНАТА ГРА-

# Дел од сценариото на филмот »Црно семе«

стои —
очекува —
чека од темницата —
чека стап —
чека палка —
камшик или тупаница —
стап
палка —
камшик
тупаница —
Доне молчи —
не отвара уста —
што и да биде —
капетанот му покажува еден лист
проклет лист —
ветена слобода —

— ГО САКАШ ЛИ КРАЛОТ?
— МУ СЛУЖАМ ГОСПОДИНЕ КАПЕТАНЕ
— ЗА ДА ПОКАЖЕШ ДЕКА НАВИСТИНА МУ СЛУЖИШ ПОТПИШИ ДЕКА СЕ ОТКАЖУВАШ ОД КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА
— СЕЛАНЕЦ СУМ ГОСПОДИНЕ КАПЕТАНЕ. СЕГА ВОЈНИК. СУМ РАБОТЕЛ НА НИВА ОД УТРО ДО МРАК. СЕГА СУМ ВОЈНИК. НИШТО ДРУГО ГОСПОДИНЕ КАПЕТАНЕ.

капетанот му дава знак на војникот —
удари —
удари —
со палка —
со стап —
со камшик —
крваво лице —
крваво лице —
крваво лице —
крваво лице —
крваво лице —



# младите кон партијата и партијата кон младите

Време е трезвено да почнеме да размислуваме за односот на младите кон Сојузот на комунистите, за тоа како се подмладува најпрогресивната политичка снага во нашето општество, за подмладокот на Партијата.

Всушност одамна беше време да се размислува за тоа, но изгледа дека економските и „амандманските“ проблеми далеку повеќе ја мобилизираа јавноста од проблемите на идејното воспитување на младите, па сега сме во ситуација да ви презентираме факти кои навистина звучат драматично.

### КОЛКУ ИМА НОВОПРИМЕНИ МЛАДИ КОМУНИСТИ ВО ПЕРИОДОТ ОД ТРИТЕ ПОСЛЕДНИ ГОДИНИ?

Погледнете ги бројките, со кои не сакаме да ве замориме, туку само да бидеме аргументирани: до половината на минатата година, а од почетокот на 1968 година има вкупно 3.353 млади луѓе примени во Сојузот на комунистите. Од нив, во 1968 година се примени 3.079 млади во СК, а во последните две години се новопримени 236 односно 38.

И тоа не е сè. Од вкупниот број новозачленети младинци половината во 1968 година немаат повеќе од 20 години (1.369), а во последните две години се работи за 82 односно 154 млади до 20 години.

Почитувајќи ја вашата трпеливост, ќе ги споменеме само уште оние најнеопходни бројки кои повеќе кажуваат за подмладувањето на Сојузот на комунистите:

Од вкупно примените 5.080 нови членови во Сојузот во 1968, само оние споменати 1.369 се млади до 20 години, а 1.710 се младинци од 21 до 26 година. Во 1969: од 514 вкупно примени, 154 се од 21 до 26, а 82 се помлади од 21 година. Во минатата година — 16 до 20, а 22 од 21 до 26 години.

Што може да се заклучи од овие бројки?

Очигледно, најголем број новопримени млади комунисти се зачленети во времето на настаните во Чехословачка. Значи најголем број од нив го нашле своето место во СК за време на декларираната кампања — отворен СК.

Што се однесува до Универзитетот, иако, нема податоци за новопримени членови во последната година, според фактите од 1969 година, во таа година не е „прибран“ ниту еден студент во Сојузот на следните факултети: Медицински факултет, Економски факултет, Филозофски факулттет, Архитектонско-граѓежен, Електро-машински, Висока музичка школа, Вишата социјална школа. Единствената „активност“ на основните организации на овие високошколски установи е собирање членарина од своите членови. Инаку, на сите факултети во истата година се примени вкупно 132 нови млади членови.

### КАКО ЛОГОРУВАМЕ ВО СК?

Според истражувањата на една група на Градската конференција на Сојузот на комунистите на Скопје и една поголема анкета на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, како и според анкетите на „ФОКУС“, причините треба да се бараат пред сè во недоволната ангажираност на самиот Сојуз. Иемно, младите сметаат дека постои формалистички однос на Сојузот кон младите, дека се работи за кампања која организацијата чии членови станале или допрва треба да бидат, ја спроведува „по налог одозгора“, или заради постојната политичка состојба. Вакви размислувања има особено во врска со масовниот прием на млади комунисти во август и септември 1968 година.

Има мислења дека „атмосферата на партиските состаноци е склеротична, се водат празни дебати, долги и неконструктивни“.

### ДАЛИ СК Е АВАНГАРДА ЗА МЛАДИТЕ?

Помалку од една третина од новите млади комунисти се задоволни од покажаната нивна авктивност по влегувањето во Сојузот, а останатите се или делумично или незадоволни од сопствената ангажираност во рамките на Партијата.

Повторно се прашуваме — зошто?

Во прашање е обострана (не) одговорност: и на постарите комунисти и на самите младинци. Првите им изразуваат недоверба на младите, им префрлуваат за идеализам и „непознавање на вистинските промени“, за агресивност и бунтовност, за незрелост и отсуство на конструктивност. Младите, пак, како да чувствуваат потреба да се спротивставаат на таквите ставови со сета индигнација, со сета младешка возбудливост, што на крајот, резултира со: нееднинствено истапување за значајните движења во општеството, при што тоа често се мотивира со „неразбирање на генерациите“.

Не постои „комунизам за млади“ и „комунизам за стари“, не постојат повеќе идеологии на комунистите. Снагата на Сојузот на комунистите е токму во единството на сите комунисти — без оглед на биолошките разлики меѓу нив.

### НЕСОЛИДНИ КРИТЕРИУМИ

Мораме да речеме дека постојат дијаметрално различни критериуми за прием на нови млади комунисти. Додека во некои организации, навистина е тешко да се „убедат“ членовите на СК дека одредени младинци треба да бидат дел од организацијата, дотогаш, во други се зачленуваат нови млади членови без да бидат и присутни на самиот избор. Се случува новите членови да не знаат и дека воопшто се новопримени комунисти.

Има ли во тоа нешто единствено, блиско, однапред определено како критериум за примање во редовите на Партијата?

Илјадници млади навистина треба да се вклучат во политичките движења на нашето општество, но тоа вклучување мора да биде **АКТИВНО, СВЕСНО, АНГАЖИРАНО.** Борбата за социјализам никогаш не смее да престане — ако пак веруваме дека сме направиле сè за да изградиме социјалистичко општество, живееме во илузии и тоа наскоро би се покажало како заблуда со драматични последици.

СК не нуди привилегии — напротив, бара одговорност и преземање доброволни обврски заради реализирањето на идеалите на социјализмот.

СК е водечка снага во општеството и не смее да престане да се грижи за идејното воспитување на својот подмладок. Но, и младите не смеат да имаат недоверба во постарите комунисти — само заради тоа што се постари. За скептицизмот нема да има место само ако сериозно се пристапи кон реализирањето на потребата од подмладување на Партијата.

Велиме — сериозно, зошто бројките за кои станува погоре збор не уверуваат дека во овој момент постои таков пристап: младите кон Партијата и на Партијата кон младите.

Спасе ЈОВКОВСКИ

„ФОКУС“

весник на младите

издавач: Конференција на СМ на Скопје

весникот го уредува редакциски колегиум

главен и одговорен уредник: Сашо Чомовски

организатор: Златко Пановски

насловна страна Ристо Куфаловски

ликовно обликување и илустратор: Благоја Стојанов

лектор и коректор: Надица Петковска

редакција и администрација — Градска барака број 2

телефони: 32-170 и 32-010

печатница на „Нова Македонија“ — Скопје

ХОНОРАРИТЕ СЕ ИСПЛАТУВААТ ПРВИТЕ ПЕТ ДЕНА ОД МЕСЕЦОТ

## ВОСКРЕСЕНИЕ ХРИСТОВО

Чекајќи Христос да воскресне, млади граѓани со запалени свеќи во рацете масовно пристигнуваа околу големата црква во градот. Постарите со недоверба се обидуваа да се ослободат од обрачот од долгокоси девојки и момчиња.

Мислите дека постарите беа помногубројни? Мислите дека само постарите жени со црни шамии и неуглезни старци вечерта спроти Велигден беа нетрпеливи да го видат воскресението Христово?

Не. Во дворот на црквата, на широкиот простор околу црквата и на Камениот мост заправо имаше неспоредливо повеќе девојки со пократки фармерки и високи антилопски чевли и момчиња со долги коси и кожни виндјакни, отколку побожни старици и старци, ако веќе верувате дека до обичаите „држат“ само тие.

За вечерното „движење кон црквата“, очигледно многу девојки се подготвувале. Тоа се гледаше по нивниот изглед. А се приготвувале и повеќе младинци кои вечерта од почетокот на Камениот мост до влезот на самата црква продаваа свеќи исто како да продаваат новогодишни честитки, и гласно ги рекламираа.

Пред влезот на самата црква стоеше натпис: „БЛАГОСЛОВЕНИ ХРИСТИЈАНИ, КУПУВАЈТЕ ОСВЕТЕНИ СВЕЌИ САМО ВО ЦРКВИТЕ И СО ТОА ГО ДАВАТЕ СВОЈОТ ПРИДОНЕС НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА“.

Знаете ли кои беа таа предвелигденска вечер благочестивите христијани?

Нашите млади сограѓани.

Христос воскресна на полноќ, откога девојките и момчињата ги запалија своите ОСВЕТЕНИ свеќи и се прекрстија пред олтарот.

Дали тоа беше само атракција?

Спасе ЈОВКОВСКИ

## ГОСПОДА МАЛОГРАЃАНИ, ВИ ОДЅВОНИ!

Носителите на псевдоморалот, повторно ги отворија своите клунови. Нивните педагошки папазјании кои тие ги оформуваат во квазифилозовски системи ги ограничуваат слободните тенденции кај учениците, со цел да ги вклопат во старите калапи. На челата на овие надрипедагошки тајфи стојат директорите со своите пајташи“ и на диктаторски начин го одредуваат социјалистичкиот морал. Архаичните сфаќања кои тие ги носат, од некогашната малограѓанштина, која за жал и денес живее, ги застапуваат со максимален интензитет, не водејќи сметка за психата на учениците, уште помалку за нивните потреби и барања. И наместо да се грижат за релацијата, професор-ученик, тие водат безгранично бесполезни дискусии за сосем споредни прашања или за такви во кои немаат основен увид, ни права да зборуваат. Не ретко ваквите „макаренковци“ чинат капитални лапсуси и паралипомени, а да не зборуваме и за нивното спроведување како „решенија на професорскиот колегиум“. Најчесто ваквите акти се за жалење и свеќи палење. Затоа не е чудна незаинтересираноста на учениците кон учењето. Тие го поистоветуваат училиштето со професорите. А тоа се два различни поими. Таа алиенација е последица на нерегулираните односи помеѓу професорите и учениците кои пак од своја страна се последица на конфликтот меѓу моралните кодекси на старата и новата генерација. Навистина младите не мора да се во право, но барам до сега биле. Веќе изживеаната малограѓанска тема за долгата коса со која воспитните сколастици сè уште ги мијат устите, во последно време допингувана од псевдоморализмот се удира по главите на учениците (дури и ученичките). Со изречување казни и приморување во име на „хигиената и пристојноста“, а со желба да се добие изглед на пристоен „прав“ ученик педагошкиот клерикализам замавнува и во приватниот живот, а да не зборуваме за оние „морални категории“ како што се сексот, вонбрачната

бременост итн. итн... Ги прашуваме по-повите всушност апостолите на морал-лот (на интелектуално-ограничената „црква") до кога мислат да ги пеат (Фалш) своите псалми? Господа мало-граѓани ви одзвони!!!

## МЛАДИТЕ НА СЕЛО И ОБРАЗОВАНИЕТО

За разлика од оние што живеат во градовите, младите на село сè уште се наоѓаат во понеповолна положба како во однос на основното, така и во однос на средното и високото образование.

Според статистичките показатели, најголем процент на неопфатени деца од 7 до 15 години во основното образование отпаѓа на децата на село. Така, 17,7 одсто од најмладите и 21,2 одсто од постарите обврзници на основните училишта во селата не се опфатени со настава. Една третина пак од младите меѓу 15 и 19 години не се во можност да го продолжат школувањето. Исто така неповолна е структурата и на студентите од село. Од вкупниот состав на Скопскиот Универзитет оваа категорија младинци учествува со околу 13 одсто.

Во понатамошното школување младите од село се среќаваат со нови проблеми коишто во најголем број случаи се причина повеќето од нив да останат само со основно образование. Да спомене-неме некои од нив: разместеноста на училиштата од втор степен во развиените региони и оддалеченоста од нив, лошите сообраќајни врски и малите капацитети на ученичките домови и друго.

Што се однесува до студирањето, селската младина е во понеповолна положба пред сè заради големите материјални издатоци што ги бара високото образование.

Младите на село не се во понеповолна положба од другите слоеви младина само во редовното образование, туку и во рамките на воншколското образование и стручното оспособување.

Заради ова, не впуштајќи се во проблемот за тоа како да се обезбедат услови за редовно школување на младите на село, се поставува прашањето, што со младите кои остануваат до своите огништа?

Бидејќи голем број на млади остануваат да работат на село, се укажува потребата од разработување на системите за вонншколско образование и стручно оспособување.

Од друга страна пак, заради сè поголемата потреба на селото од некои занаети и услуги, преку стручно оспособување како на пример за: колари, ковачи, столари, електро и водоинсталатери и друго, голем број млади луѓе би можеле да го надополнат она што за некои значи редовно образование.

Љ .М.

## ЗА САМОУПРАВУВАЊЕТО ОТВОРЕНО

Работниците зборуваат отворено. Тие не го познаваат речникот на политичарите, не се во секоја ситуација оптимисти, не очекуваат премногу, дури, некои, не сакаат да им бидат авторизирани излагањата.

Ги прашавме — дали се чувствуваат како вистински самоуправувачи или само името им е такво: повеќемината одговараа слободно и искрено, што значи дека може да им се верува.

**МИЛАН ПОПАНАСТАСОВ**, работи три години, уште толку бил работник со статус на ученик, но никогаш не се почувствувал како самоуправувач. Тој е млад човек, веројатно некогаш ќе биде избран во некој самоуправен форум. Како ќе се чувствува тогаш?

— Тогаш, можеби ќе бидам самоуправувач, но се плашам дека ни тогаш кога ќе можам да одлучувам за работниците нема да ме сфаќаат како самоуправувач.

— Кој? Работниците или раководителите?

— И едните и другите. Работниците — зошто ќе ме сметаат за некаков раководител, а раководителите — зошто сум работник.

**СТОЈАН МИРЧЕВСКИ**, (23), шест години работи во „Нова Македонија", но никогаш не бил ни кандидат за Работнички совет. Млад е, вели, па немаат доверба во него „шефовите".

— Зарем членовите на Советот не ги одбираат самите работници?

— Секако, тие предлагаат, но изборот не зависи само од нивната желба. Тогаш, какви се правата на Стојан, работник — самоуправувач? — Да оди на краток годишен одмор во април или декември, кога ќе одлучи шефот. И да прима плата, некогаш 80%.

**ЃОКО МИТРЕВСКИ** (21), четири години е работник. Вели дека не е член ни на Младинската организација, а камоли на Работничкиот совет. Тој не одлучува за сè што е од интерес на работниците. „Има кој да одлучува". И за него сите права се сведуваат на користење на годишниот одмор и примањето на платата".

**ЏЕМАИЛ ЧЕНГИЌ** (31), работник е 8 години. — Нека прочитаат оние што се писмени дека како неквалификуван работник можам само да ја земам својата плата од 80 илјади. На директорот око не сум му видел, не го познавам. Член на Работничкиот совет? Што ти паѓа на памет! Кога би бил? Па, би ја намалил разликата во платите. Сега никако не се слуша мојот глас.

С. Јовковски

# НЕКОЈ МОРА ДА БИДЕ КАВАЛЕР

Ние не сме арбитри. Ние не можеме да судиме каде е вистината, кој е виновен што не постои никаква соработка меѓу две гимназии кои имаат заедничка училишна зграда. Нè убедија и едните и другите. И учениците од гимназијата „Зеф Љуш Марку“ сметаат дека другата страна треба „да го преиспита својот став кон нив“, и учениците од гимназијата „Никола Карев“ сметаат дека нивните другари Албанци треба да сторат нешто повеќе за меѓусебна соработка.

Замислете, да живеете во иста зграда со вашите комшии, а да не ги познавате. Токму така е со двете гимназии што ги споменавме.

Кибрија Халили, ученичка од II клас., вели: „Бев многу среќна кога на приредбата по повод отворањето на училиштето заедно настапија хоровите на двете гимназии. Но, тоа не се повтори. На нашиот патронен празник дојдоа само десетина ученици. Зарем тоа е соработка.?“

— Не, не нè поканија другарите од „Зеф Љуш Марку“ Барем не официјално инаку ние со задоволство би дошле — објаснува Кире Илиевски, претседател на Младинскиот комитет на „Никола Карев“.

— Мислевме дека матурската вечер ќе ја прославиме заедно. Како најблиски комшии. Но, тие си најдоа друштво со учениците од Железарницата. Зошто? Зарем ние бевме далеку? Зарем ние не сме млади? — се жали Кибрија.

Кире одговара; „Во нашата гимназија има многу повеќе девојки и ние очекувавме покана од учениците каде има повеќе машки. Добивме писмо од Железарницата, односно нивното училиште и бидејќи тие беа подобри кавалери, тие ќе бидат со нас на матурската вечер.“

— А за спортските натпревари? — Ѓуко Басри, претседател на Младинскиот комитет на „Зеф Љуш Марку“. — Ние ги поканивме повеќе пати, тие само двапати се согласија. Еднаш се договоривме да играат женските кошаркарски екипи, но тие не дојдоа. Ние ги поканивме и чекавме...

— Тие не ни испратија писмо. Со зборови ништо не бидува. — вели Зорица Георгиева. — Таков си е редот. Мора со писмо. —

— Не, не е заради тоа. Не дојдоа затоа што нашата екипа е послаба од нивната, па не им е чест да играат со нас — вели Кибрија.

— Велат дека само ние сме ги кршеле стаклата од прозорците. Зарем само ние сме немирни, зарем само ние сме млади? (Али Ахмеди).

— Никој не им префрла само ним. Но рака на срце, тие се повеќе машки и природно е што прават повеќе штета. (Зорица Цветанова).

Ние постојано одиме кај нив да разговараме за соработка, но тие не доаѓаат. Зошто? (Кибрија Халили).

Благоева Снежана: „Тие мораат да бидат кавалери“.

— Но еднаш нашиот претседател е истеран од вашиот дежурен наставник, кога дошол во вашата смена да разговара.

— „Од каде знаел професорот дека тој доаѓал за разговори? Кај нас никој не може да се шета по ходниците за време на наставата“.

— „Кога почнува наставата, сме забележале дека доаѓаат наставници од „Никола Карев“ да видат што правиме ние“...

— Кој е тој професор кој бесплатно би се занимавал со шпионажа?“

Но, сега прашуваме ние — „зошто нема соработка на другите полиња? на пример идеолошко-политички предавања, заеднички натпревари и забави?“

„Нема простор. Сега градиме простории кои ќе бидат за двете гимназии, но дотогаш мораат да се стрпат и едните и другите. Учениците од „Зеф Љуш Марку“ сакаа заедничка прослава на Новата година, но тоа не е така едноставно. Имиа многу прозорци, многу



би се искршиле. Многу бараа...“ — објаснува директорот на „Никола Карев“. Но, сè ќе биде во ред штом ги завршиме просториите во подрумот. Ќе има заедничка забава.“

— Младинските организации треба повеќе да соработуваат — вели директорот на „Зеф Љуш Марку“. Меѓу наставничките колегиуми нема никакви проблеми.

Ги прашавме учениците што мислат за меѓусебната соработка. Никој не рече дека е задоволен, сите велат дека би сакале соработка.

Но, тоа е сепак добро. Постои добра волја. Останува уште да се стори нешто повеќе од изразите на добра волја.

Спасе ЈОВКОВСКИ

# ЗАПАЛЕНО Е ЦРВЕНОТО СВЕТЛО



**ИЛИ КАКОВ Е УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО I-ТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 1970 — 71 ГОДИНА**

До крајот на учебната година останува уште еден месец. Во средните училишта сега врие како во котел. 13.592 ученици водат огорчена битка за поправање на своите слаби оценки. Во битката за преодна оценка се употребуваат секакви средства почнувајќи од вистинско учење и залагање па преку сите видови малверзации, завршувајќи со телефонот (како едно од најсигурните и испробаните средства). Меѓутоа, навистина многу треба да се направи, да се вложат максимални напори за да се поправи успехот од I-то полугодие. Каков успех!!!!!!!!!!

## ИЗОСТАНОЦИ (+) И (—) ИЛИ БОЛНИ И „БОЛНИ"

Редовното посетување на часовите односно постојаното следење на методските единици се компоненти кои водат кон подобар успех и солидно знаење. Меѓутоа, од крајниот полугодишен биланс за редовноста на скопските средношколци произлегува дека прилично неодговорно се однесуваат во однос на редовноста на часовите. Имено само за половина работна година направени се 401.938 изостаноци) бројката помножете ја со 45 минуи). Од нив 128.433 изостаноци се неизвинети, а 273.535 извинети. Ова дотолку повеќе загрижува што во текот на полугодието од учебната 1970/71 година не се забележани масовни заболувања кои би можеле да ја пореметат наставата, односно да го зголеми бројот на изостаноците.

## КАКОВ УСПЕХ???

Со едно грубо поврзување на овие неколку компоненти се добива една резултанта која се вика успех ако воопшто може да се изговори таков збор. Следнијве неколку бројки ја покажуваат состојбата за успехот на учениците од средните училишта. Од вкупно 21.480 оценети ученици само 7.886 ученици се со позитивни оценки од кои 1096 со одличен успех. Повеќе од половината (63,7%) ученици од вкупниот број или 13.592 се со негативни оценки; со една, две или повеќе единици. Особено загрижува фактот што многу негативен успех е забележен во техничките училишта и гимназиите, ако се земе во обзир дека најголем дел од нив го продолжуваат школувањето на разни факултети. Од друга страна бројот на одличните ученици е многу мал. Така на пример во техничките процентот на одлични ученици е крајно мал, изнесува само 1,7) или пак кај економските училишта каде што вкупно учат 2.312 ученици, на полугодието само 44 ученици постигнале одличен успех. Зарем не треба да загрижува фактот што во скопските гимназии 30% ученици имаат три и повеќе слаби оценки или 2.152 потенцијални кандидати за губење година. Бројот на учениците со негативни оценки во техничките училишта двојно се зголемува и изнесува 69,6%, а само 1,3% одлични ученици. Слична или полоша е состојбата и во останатите средни училишта.

## САНАЦИЈА

Патот до зеленото светло не е ниту лесен ниту кус. Потребно е најитно да се преземат одредени мерки за подобрување на оваа крајно критична состојба која во текот на идната учебна година може да биде на уште пониско ниво. За решавањето на проблемите во средните училишта треба да се заангажираат сите заинтересирани фактори во и вон училиштето затоа што вината за ваквиот неуспех се наоѓа горе — долу кај секого, почнувајќи од самите ученици и наставници па до училишните и младинските организации. Почетокот на преземањето мерки мора да биде што побрзо и поскоро затоа што рефлексите од црвеното светло кое е запалено веќе одамна, ќе ги почувствува нашата заедница на својот грб и тоа во догледно време од неколку години.

ЉУПЧО АРСОВСКИ

# ИСПРУЖИ ГИ НОЗЕТЕ

ФОКУС АНКЕТА ФОКУС АНКЕТА ФОКУС АНКЕТА ФОКУС АНКЕТА ФОКУС АНКЕТА ФОКУС АНКЕТА

Овој пат имаме друга задача: нè интересира што е она што ги разочарало младите, што е она што ги возбудува или поттикнува на размислување?

Но, денес на „репертоарот" е и едно актуелно прашање за младината не само од нашиот град, туку за младите од нашата земја воопшто. Значи прашањето е: каква младинска организација ни е потребна.

Но, да почнеме по ред.

### НАСЕРОВАТА СМРТ — НАСТАН ШТО ПРЕДИЗВИКА НАЈМНОГУ РАЗМИСЛУВАЊЕ

Смртта на египетскиот лидер Гамал Абдел Насер навистина ги возбуди младинците од нашиот град. Тие масовно одговараа дека настанот што ги возбуди или поттикна на размислување се случи минатата есен, оној септемвриски ден кога се пренесе тажната вест за смртта на претседателот Насер.

Не може да се рече дека смртта сама по себе е доволна да ги возбуди младите духови, да ги вознемири, да ги оттргне од секојдневието. Не, смртта на еден човек како што беше Насер беше нешто несекојдневно. Тоа го почувствува целиот свет — дури и оние кои можеби тој момент скриено го прижелкуваа, но секако младите луѓе тоа го доживуваат најдраматично, многу искрено и спонтано. Очигледно, смртта на Насер истовремено ги поттикна да размислуваат за она што се случува во овие денови, не така далеку од нас, со сета морбидност на човечкиот дух и интелект.



Успешното лунирање на американските астронаути на Месечината е вториот настан кој младите од неколку скопски училишта го определуваат како „Настан на годината".

Повторно сме спремни да направиме некаква паралела во овие младински „афинитети". Станува збор за врвно достигнување во науката и техниката, настан кој импресионира дури и со своите подробности. За настан кој ќе биде запаметен од многу генерации што сега доаѓаат на овој свет — но истовремено настан кој покажува колку може човечкиот интелект да направи, да ја победи дури и природната сила, додека се уништува сам себе, на земјата. Интимно, среќни сме што смрта на претседателот Насер повеќе ги возбуди и натера на размислување нашите младинци, отколку успехот на тројцата лунаути. Во прашање не е некакво политичко определување, ами едноставно на ум ја имаме народната мудрост: „Пружи си ги нозете колку ти е долга чергата."

Да се радуваме на успехот во астронаутиката или да жалиме за оние илјади невини луѓе кои секојдневно стануваат жртва токму на човечкиот дух и интелект?

Повторно смртта на еден политичар ги возбудува младите. Овој пат смртта на Шарл Де Гол, генералот кој сакајќи од Франција да направи мит, од себе направи идол.

Очигледно, младите имаат свои идоли — а тоа го констатиравме минатиот пат — и нивниот живот за нив станува легенда.



Но, учениците од скопските средни училишта покажаа зрелост со која не би можеле да се пофалат и некои многу повозрасни политичари од нашето соседство. На прашањето за кое сè уште станува збор, многумина одговорија: негирањето на македонската нација од страна на бугарската влада. Дали е дипломатски коректно или не, е прашање кое заслужува внимание, но токму овде се гледа зрелоста на младите скопјани: тие не велат" .... од страна на бугарскиот народ", ами, сосем децидно „од бугарската влада".

Токму онака како што им доликува на младите: искрено, спонтано, без дипломатија, конечно, зошто е потребна дипломатија, кога други одговорни луѓе не само што не ја користат неа ни во меѓудржавните односи, ами одат до таму што себе се негираат како марксисти, а се прокламираат токму со тоа име.

Уште еден „скок" — овој пат надолу: настан што ме натера да размислувам е испаѓањето на „Вардар" од првата фудбалска лига . . .

Значи, и „Вардар" е актуелен. Но, можеби малку закаснивме: Ако прашањата им беа поставени во овие денови, одговорот за „Вардар" сигурно ќе се разликуваше. Возбудувањето сигурно ќе беше поголемо.

Но, еве како би изгледала „топ — листата" на настаните кои беа интересни за младите:

1. Смртта на Насер — — — — — — 39
2. Мисијата „Аполо — 13" — — — — 22
3. Смртта на Шарл Де Гол — — — — 12
4. Негирањето на македонската нација — 9
5. Настаните во Чехословачка — — — — 7

Потоа, младинците запишале:

Настаните во Полска, девалвацијата на динарот, смртта на Џими Хендрикс, смртта на Џенис Џоплин, поплавите во Пакистан, војната во Виетнам, војната во Камбоџа. Светското првенство во Мексико, филмот „Мушички во главата", настаните во Ирска, преговорите на Западна Германија со социјалистичките земји, светското првенство во кошарка, победата на нашите кошаркари на Шампионатот. Неколку интересни одговори:



— киднапирањето
— смртта на сестра ми
— ништо не ме интересира
— појавата на националното возило — најпосле се опамети нашата автомобилска индустрија

### ОД ШТО СЕ РАЗОЧАРАВМЕ?

Сигурно ве интересира што ги разочарало досега младите од нашиот град Можеби тоа

# КОЛКУ Е ДОЛГА ЧЕРГАТА

ФОКУС АНКЕТА ФОКУС АНКЕТА ФОКУС АНКЕТА ФОКУС АНКЕТА ФОКУС АНКЕТА ФОКУС АНКЕТА ФОКУС АНКЕТА



што немаат младински клубови? Љубовта? Дали ги разочарале повозрасните со својот став на недоверба кон младите?

Можеби, зошто сето тоа младите го изјавија. Но, најмногу од сѐ — училиштето. Ете, тоа е сета вистина, па нека поразмислат сите: наставниците, педагозите, родителите, учениците.

Зошто?

Затоа што наставниците не се воздржуваат од пишување слаби оценки. Но и поради „нивниот нееднаков однос кон сите ученици".

Колку треба да им се верува на учениците— не е наша должност да пресудиме — ние само го презентираме она што тие го запишаа.

Значи, училиштето убедливо „води" на топ — листата за она што ги разочарува младите.

А потоа, што?

„Мојот прв дечко", „животот на младите во Скопје", „пријателството", „себичноста на луѓето," „војните во светот", „жените до 30 години", „Црвена Застава", „концентрационите логори", „песимизмот на Бајрон", „една другарка од мојот клас", „Арсен Дедиќ, зошто не ми испрати фотографија", „професорката по фискултура", „Желимир Жилник"...



Навистина, нема, крај на разочарувањата на младите. Очигледно, тие се разочаруваат во сешто. Но, има и неколку вакви одговори: „Рано е за разочарување"; премногу сум млад за да се разочарам"; „тешко се разочарувам"; „не смее да има разочарувања"; „положбата во нашата земја . . . "

Но, да се вратиме на она што најчесто ги разочарува младите. Веднаш после училиштето, војните се предмет на најчесто разочарување на младинците кои ние ги анкетиравме. Тоа навистина радува, и ако се надоврзе на минатите одговори на прашањата во врска со идеалите на младите на кои најчесто одговори беа: мир, слобода и незавиност, може да бидеме сосем оптимистички расположени. Но, со право се очекува младата генерација тоа да го потврди во животот — кога за тоа ќе дојде време.

Неправдата е она што младите ги разочарува. Многу често. Себичноста исто така честопати е причина за разочарување. Љубовта, природно, за седумнаесетгодишните не е само „рамнодушно задоволство" и „состојба на среќа", спрема најчестата дефиниција на англиските момчиња и девојки („ТЕЕН — 1971), но и причина да се разочаруваат младинските „срца".

Наместо да се заморуваме со бројки (а тоа ќе мораме да го правиме во текот на излагањето на резултатите за најактуелното прашање) ќе пренесеме неколку „бисери" од нашата анкета:

„Не е за јавноста"
„Разочарана сум од првиот сексуален контакт"
„Засега ништо. Прашајте подоцна".
„Девојките".

### МЛАДИНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА — ДИСКО — КЛУБ!?



Конечно да позборуваме малку и за тоа каква младинска организација сакаат младите.

Ние предложивме младите да се определат меѓу три можности, или ако не се согласуваат ниту со една сугестија самите да запишат како треба да биде организирана и поставена нивната организација.

— културно — образовна
— идеолошко — политичка
— никаква

Се покажа дека нема потреба да се предлагаат повеќе алтернативи зошто младите имаат (скоро сите двеста анкетирани) една алтернатива: културно — образовна.

Еве ги фактите: за првата можност се определија 157 младинци. За политичко — идеолошка беа само 11. За тоа, таа да биде и културно — образовна и идеолошко — политичка — 11. Никаква организација не е потребна — 7. Значи, скоро 80% од анкетираните сметаат дека е потребна културно — образовна организација на младите, но ако се има во предвид дека 14 миладинци немаа никаков одговор, тоа значи дека од 186 одговори, 157 се всушност околу 90%.

Неколку младинци запишале: „Сакаме по веќе младински клубови", или „да има повеќе диско — клубови". Неколку одговори се: „забавна организација". Една девојка запишала „да не биде само на лист хартија како што е сега".

Има и два одговори: „да биде сексолошко — образовна", но ние не ги сметаме за особено конструктивни. Двата одговори се на две момчиња.



Ете, тоа беше она за што сметаме да ве информираме од големата анкета во која учествуваа двеста младинци и младинки од нашиот град. Ако и вие имате некакви забелешки — повелете, испратете ги. Ние сметаме дека меѓу нашите читатели има многу млади луѓе кои се спремни да го кажат својот конструктивен став. Тоа, всушност многумина го докажаа одговарајќи на нашите прашања.

ВАЊА НИКОЛОВСКА
СПАСЕ ЈОВКОВСКИ

# ПРЕД ТРИЕСЕТ ГОДИНИ

27 јануари: Студентите и младината од средните училишта организираат протестни демонстрации по случај доаѓањето во Скопје на Драгиша Цветковиќ, претседател на владата на Кралството Југославија.

26 март: Под раководство на партиската организација се организираа масовни протестни демонстрации по повод потпишувањето на познатиот договор за приклучување на Југославија кон Тројниот фашистички пакт. До доцна во ноќта по улиците демонстрираа преку петнаесет илјади граѓани.

7 април: Рдиниците на Деветтата германска оклопна дивизија, откако ги разби единиците на Моравската и Ибарската југословенска дивизија преку Куманово го заседоа и Скопје. Штабот на југословенската армиска област беше заробен на патот меѓу Скопје и Зелениково. Со тоа Скопје падна под фашистичка окупација.

10 април: Со одобрение на Германците, од 10-ти април започнаа да доаѓаат поголеми групи полициски агенти, разни бугарски пропагатори и некои од составот на македонската емиграција во Бугарија. Тие веднаш се поврзаа со Спиро Китанчев, инж. Димче Шкатров, Димитар Ѓузелов и други, со цел да подготват терен запречек на бугарските фашистички окупатори.

26 април: Бугарскиот областен директор на скопската област издаде наредба во која покрај другото стои: дека од 26 април 1941 година престанува да важи сета дотогашна граѓанска, административна и полициска власт и се воведуваат сите закони на царството Бугарија.

При крајот на април: Месниот комитет КПЈ одржа состанок при што донесе Одлука да се бојкотира окупаторската власт и да се внимава при примањето на нови членови во КПЈ, односно да се засили будноста спрема бугарската полиција и Гестапо.

Втора половина на јули: На еден од состанонува Лазар Колишевски кој како долгогодишен и искусен револуционер беше испратен од Централниот комитет на КПЈ за да помогне во зајакнувањето на партиската организација во Македонија.

јуни—јули: Една скоевска група изврши повеќе диверзантски акции во градот и во околината. Притоа е демолиран еден германски камион и запален германски транспортен авион. Долго време по уништувањето на авионот Германците и Бугарите вршеа иследување. Истите младинци, непосредно пред откривањето на еден споменик од страна на бугарскиот окупатор, незабележано, под платното на споменикот со црвена боја ги напишаа





паролите: „Долу окупаторот“, „Да живее слободна Македонија“, „Да живее КПЈ“.

Втора половина на јули: На еден од состаноците на Воената комисија при Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија беше разгледано прашањето за формирање на партизански одреди во Македонија.

Прва половина на август: Претставникот на Централниот комитет на КПЈ Драган Павловиќ одржа состанок со членовите на месниот комитет на КПЈ и ги запозна со Одлуката на Централниот комитет на КПЈ за суспендирањето на Покраинскиот комитет и за исклучувањето на Шарло од КПЈ.

22 август: Во грмушките покрај реката Вардар, наспроти селото Злокуќани, беше формиран првиот скопски партизански одред. Ова е всушност и првата партизанска единица формирана во 1941 година во Македонија.

Почеток на септември: Во месноста Козле се одржа состанок со претставници на сите скоевски групи од средните училишта. Притоа беше разгледана улогата на младинската фашистичка организација „Браник“. На крајот од состанокот се донесе едногласен заклучок да не се запишуваат младинците во неа и да ја бојкотираат.

10 септември: За Бугарија замина Методија Шаторов-Шарло, дотогашен секретар на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Тој замина поради тоа што беше суспендиран од Покраинскиот комитет и исклучен од КПЈ.

Средина на септември: Беше формиран нов Покраински комитет на КПЈ за Македонија. По формирањето на Покраинскиот комитет на чело со Лазар Колишевски, се изврши и реорганизација на Месниот партиски комитет.

14 октомври: Скопскиот партизански одред се префрли на планината Руњак близу селото Никуштани. Кон одредот се приклучија уште 7 нови борци.

1 ноември: Меѓу 1 и 2 ноември, при форсирањето на реката Вардар кај селото Нерези, крај Скопје, Скопскиот партизански одред водеше тешка борба со бугарската војска и полиција. Форсирањето на реката успешно се изврши. При оваа борба одредот немаше жртви.

6 декември: БУГАРСКАТА ОБЛАСНА ПОЛИЦИСКА УПРАВА ИЗДАДЕ ПОТЕРНИЦА ЗА ЗАТВАРАЊЕ НА 18 ПРИПАДНИЦИ НА НОБ ОД СКОПЈЕ.

31 декември: ВО ЕДНА АНАЛИЗА НА ОБЛАСНАТА ПОЛИЦИСКА УПРАВА ВО СКОПЈЕ СТОИ ДЕКА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОВАА УПРАВА НАСЕЛЕНИЕТО НЕ СЕ ЧУВСТВУВА БУГАРСКО И ДЕКА НЕМА БУГАРСКИ ЕТНИЧКИ БЕЛЕЗИ.

# СКОПЈЕ 1941

ЛАВ ТРОЦКИ

# За задушената Револуција и оние што ја задушија

## Одговор на Лав Троцки до Андре Малро

Итната работа ме спречи да ја прочитам во право време статијата на господин Малро која зборува против мојата критика, а во прилог на Комунистичката Интернационала, Бородин, Гарин и самиот него. Како политички писател, господин Малро е уште повеќе оддалечен од пролетеријатот и револуцијата отколку како уметник. Тој факт, сам по себе, не би бил доволен да ги оправда редовите кои ќе ги читате, зошто никогаш не е речено дека еден талентиран писател треба неопходно да биде пролетерски револуционер. Доколку сепак се вратам на разгледување на некои од веќе споменатите прашања, тоа ќе биде во интерес на проблемот, а не за да зборувам за господин Малро.

## 1

Реков дека најдобрите личности од неговиот роман се издигнуваат до социјален симбол. Треба да напомнеме дека Бородин, Гарин и сите нивни „соработници" се симболи на една квиз — револуционерна бирократија, на тој нов „општествен тип" кој настана, од една страна благодарејќи на постоењето на советската држава, а од друга — благодарејќи на извесен режим на Комунистичката Интернационала.

Одбив да го наредам Бородин во типот „професионален револуционер" иако тој беше како таков окарактеризиран во романот на господин Малро. Авторот се обидува да н докажиже дека Гарин поседува толку копчиња на мандарин колку што би му дале право на споменатата титула. Господин Малро не суди лошо по повод на забелешката дека Троцки има некое копче повеќе. Зарем тоа не е смешно? Типот на професионален револуционер во никој случај не е идеална личност. Во секој случај тоа е еден точно одреден тип, кој има своја политичка биографија со јасно оцртани потези. Единствено Русија беше способна од пред неколку декади, да создаде таков тип, и во Русија, најпотполно спрема засновања на недвосмисленост, создава блок од четири спротивни класи; се претвора во магионичар и ги гази принципите. Каков е значи резултатот? Чиновникот-авантурист не успева да ја наведе во заблуда буржоазијата како многу побогата, повлијателна, и поискусна, но затоа тој чиновник успева да ги изложе чиновниците полни самопрегор и одрекнување, издавајќи ги на буржоазијата.

## 3

Таква улога одигра Комунистичката Интернационала во Кина.

Сметајќи го тоа како свое право, „револуционерот" бирократа наредува, се разбира независно од пролетеријатот. Господин Малро нè учи дека било невозможно да се учествува во Кинеската револуција, без учество во војната, а невозможно е да се учествува во војната без пристапување на Kuomintang итн. Тој додава на тоа дека прекинот со Kuomintang би значел враќање на Комунистичката партија во илегалност. При помислата дека на овие докази се сведува филозофијата на претставниците на Комунистичката Интернационала во Кина, се наметнува забелешката дека дијалектиката на историскиот развиток изведува понекогаш лоша шега со организацијата, луѓето, идеите.

Колку е едноставно решението кое му се дава на проблемот. Заменувајќи се во настаните со кои владее непријателската класа, за да се издигне, треба да се потчини на политиката на таа класа; за да се избегне репресијата на Kuomintang треба да се претвара, боејќи се со нејзини бои, Ете во што е тајната која ни ја открија Бородин и Гарин.

Политичката оценка која ја дава господин Малро за ситуацијата, можностите, проблемите на Кина во 1925 година, е потполно погрешна. Како таква едвај допира до правите проблеми во кои револуцијата почнува да се оцртува, за тој проблем рекос сè што беше неопходно да се каже.

ка е приморана на убиства, таа работи така што отворено ја презема одговорноста, повикувајќи се на задачите и целите прифатливи и разбирливи на народот.

Револуционерниот морал не почива на апстрактните норми на Кант. Тој е создаден од правила кои го поставуваат револуционерот во неговите задачи и намери под контрола на неговата класа. Бородин и Гарин не биле поврзани со масата ниту имале чувство на одговорност пред својата класа. Тоа се надлуѓе на бирократијата кои веруваат, дека во границите на мандатот добиен од повисоките власти, „сè е дозволено". Работата на тие луѓе, понекогаш многу маркантна, на крај неизбежно се завртува против интересите на револуцијата.

Откако му наредија на Houg да го убие Tcheug-Dai, Бородин и Гарин го издаваат Houg и неговата група на крвниците. На тој начин, целата нивна политика е под Каиновиот знак. Господин Малро овде повторно се јавува во улога на нивен адвокат. Каква е неговата аргументација? Тој вели дека Ленин и Троцки исто така безпоштедно постапувале со анархистите. Тешко е да се поверува дека ова го изјавил човек кој имал барем извесно време, нешто заедничко со револуцијата. Господин Малро заборава или не разбира дека револуцијата се спроведува против една класа заради доаѓање на друга класа на власт и дека само пред таа задача револуционерот си дава право да врши насилство. Буржоазијата ги истребува револуционерите, понекогаш и анархистите (но овие сè поретко и поретко, зошто стануваат сè попокорни), за да одржи еден режим на срамна експлоатација, Во присуство на буржоазијата на власт, бољшевиците секогаш ги земаат во одбрана анархистите пред Chappe-ите. Откога бољшевиците ја презедоа власта, тие чинат сè да ги придобијат анархистите за диктатура на пролетеријатот. И поголем број од анархистите пристапува кон бољшевиците. Со оние анархисти кои ја поткопуваат диктатурата на пролетеријатот бољшевиците постапуваат многу сурово. Дали имаа право или беа во заблуда? Ќе се оцени према мислењето кое може да се има за револуцијата која ја изведовме ние и за режимот кој таа револуција го утврди. Но може да се замисли за момент нешто дру-

останатите партии беше возможно да се создаде типот на бошљевик.

Професионалните революционери од генерацијата на која ѝ припаѓа по своите години Бородин, почнуваат да се формираат спроти првата револуција, ја поднесуваат пробата од 1905, се искалуваат и изучуваат (или корумпираат) во годините на контрареволуцијата. Тоа беше 1917 година, кога имаа најдобра прилика да докажат кои се. Од 1903—1918 година т.е. во периодот во кој во Русија се формирал типот на професионален револуционер, Бородин, стотини и илјади слични на него останаа надвор од борбата. После победата, 1918, Бородин доаѓа во служба на Советите: тоа му е една чест: повеќе ми е чест да ѝ служам на пролетерската држава, отколку на буржоаската. Бородин си става за задача опасна мисија. Но и агентите на буржоаската сила, и оние во странство особено во колониите, се изложуваат на голем ризик за да ја извршат задачата. Тоа не е она што ги прави револуционери. Типот на чиновникот — авантурист и оној каков што е професионалниот револуционер под извесни услови можат да имаат допирни точки. По нивната психолошка конституција исто како и по историската улога, тоа се два типа спротивни еден на друг.

# 2

Револуционерот го поистоветува својот пат со патот на својата класа. Доколку пролетеријатот е слаб, заостанат, револуционерот се ограничува на дискретна, трпелива работа, долга и малку блескава, создавајќи кружоци, вршејќи пропаганда, спремајќи кадри, и со потпора на првите кадри кои ќе ги создаде ќе успее да ги придвижи масите легално или потајно, зависно од околностите. Тој секогаш ќе ја подвлекува разликата помеѓу својата и непријателската класа и ќе води само една политика, онаа која одговара на снагата на неговата класа која ја зацврстува и зајакнува. Пролетерскиот револуционер макар тој бил француски, руски или кинески, ќе ги смета кинеските работници како своја армија во денешнината или утрешнината. Чиновникот авантурист се поставува над сите класи на кинеската нација. Се смета повикан да владее, да одлучува, да наредува независно од внатрешните органи на снагите кои постојат во Кина. Констатирајќи дека кинеските пролетеријат е слаб во одреден момент со сигурност да заземе одлучувачка позиција, чиновникот бара решение во помирувањето и комбинирањето на различните класи. Тој се однесува како надзорник на нацијата, како вицекрал на чело на колонијалната револуција. Тој бара врска помеѓу конзервативната буржоазија и анархистите, тој импровизира програми ad hoc, води политика

Во секој случај статијата на господин Малро не ми дава повод да го ревидирам она што го реков. Дури и ако се посматра ситуацијата од аспектот на господин Малро, кој е погрешен, апсолутно е невозможно да се идентификува политиката Сталин — Бородин — Гарин како правилна.

За да се протестира против таа политика во 1925 година, требаше да се умее да се предвидува. Да се брани 1931 година, значи да бидеш неизлечиво слеп.

А што друго му даде стратегијата на чиновниците на Комунистичката интернационала на кинескиот пролетеријат освен понижување, истребување на борбените кадри, и што е најопасно, една страшна збрка? Дали странската капитулација пред Kuomintang ја заштити партијата од репресалии? Баш напротив, од тоа произлезе порастот на концентрацијата на репресивните мерки. Зарем Комунистичката партија не требаше да се врати во илегалност? и кога? во време на пропаста на револуцијата! да започнеа комунистите со илегална работа во време на револуционерниот растеж, тие би можеле да се поставот отворено на чело на масите. Чанг-Кај-Шек создавајќи конфузија во Партијата, растурајќи ја и деморализирајќи ја со помош на Бородин и Гарин, делуваше што е возможно посигурно присилувајќи ја Партијата на тајна егзистенција во годините на контрареволуцијата. Кинеската Комунистичка партија треба да го почне своето дело од почеток до крај на терен покриен со искршени отпадоци, пренатрупан со предрасуди, неоткриени заблуди и изложена на недовербата на напредните работници.

*

# 4

Криминалниот карактер на целата таа политика особено е забележлив во извесни прашања во деталите. Господин Малро им оддава исклучива заслуга на Бородин и компанија што ги издадоа терористите на буржоазијата, свесно носејќи ги под ножот на буржоаскиот водач Tcheng-Dai. Слична махинација е достојна за еден бирократ Борџија или полското револуционерно благородништво, кое секогаш повеќе практикувало убиство преку посредници криејќи се зад грбот на народот. Не, проблемот не бил решен со убиството на Tcheng-Dai; првата задача беше да се припреми соборување на буржоазијата. Кога една револуционерна партија увидува дека болшевиците во буржоаскиот режим под власта на принцот Лвов или оној под Керенски биле агенти на слична влада за истребување на анархистите. Доволно е да се постави јасно прашањето, па да се отфрли со гнасење.

Исто како што судијата Brid 'Oison секогаш ја занемаруваше основата на некоја работа и се интересираше само за нејзината форма, псевдореволуционерната бирократија со својот литерарен адвокат се интересира само за механизмот на некоја револуција, а не се праша на која класа и на кој режим треба таа револуција да му послужи.

# 5

Тоа што господин Малро го вели за марксизмот е навистина чудно. Спрема него — марксистичката политика не била применлива во Кина, затоа што кинескиот пролетеријат немал доволно класна свест. Би се чинело дека во овој случај проблемот би бил да се разбуди класната свест. Понатака, господин Малро завршува со тоа што ја правда политиката управена против интересите на пролетеријатот.

Господин Малро употребува друг аргумент ни малку поубедлив, но уште посмешен. Тој вели дека Троцки ја потврдува користа на марксизмот за револуционерната политика, но и Бородин е исто така марксист како и Сталин; значи дека во целата таа работа марксизмот нешто значи.

Што се однесува до мене, јас ја бранам револуционерната доктрина од Гарин како што би ја бранел медицинската наука од претенциозните надри лекари. Надри-лекарите ќе ни одговорат дека дипломираните лекари често ги убиваат своите болни. Таков доказ е недостоен не само за револуционерот туку дури и за еден просечен граѓанин. Медицината не е секогаш семоќна, лекарите не успеваат секогаш да излечат, а меѓу нив има незнаенковци, глупаци па дури и трујачи. Јасно е дека нема разлог да им се даде право на надри-лекарите кои никогаш не учеле медицина и кои ѝ го оспоруваат значењето.

После статијата на господин Малро морам да направам извесна исправка во врска со мојата поранешна статија: пишував дека калемењето на марксизмот би му користело на Гарин. Сега веќе не мислам така.

# ЗА НОВАТА ЛЕВИЦА ВО САД

На почетокот на деветнаесеттиот век Токвил, еден од најпознатите француски историчари, пишувајќи за Американците забележела да ги збогати, секоја машина која го нуваат оваа нација силно копнеат по материјални и моментни задоволства. Тие се постојано незадоволни со својата положба и преокупирани се само со помислата како да ја зголемат својата материјална сопственост. Секоја нова метода која по краток пат би можела да ги обогати, секоја машина која го редуцира физичкиот напор, секој иструмент кој ги намалува трошоците на производството и секое откритие кое би можело да доведе до поголемо и поинтензивно уживање за Американецот претставува најпрекрасно достигнување на човечката интелигенција. „Кога Токвил го рекол тоа пред повеќе од стотина години веројатно и не претчувствувал колку неговата тогашна оцена како некој вид пророштво долго ќе се провлекува низ годините како лајт-мотив на американската стварност. Меѓутоа кога тој истиот Токвил по некоја случајност би се нашол пред вртологот на денешна Америка со своето перо би морал да ѝ додаге многу нијанси на оваа слика и најверојатно би останал вчудоневиден пред кошмарот од безбројните крајности што ја прават денес претставата за земјата на соединетите држави. Денес нему, а и на еден најобичен набљудувач не би му поминал неприметен фактот дека американското општество е сè повеќе подложно на бранување што на површината може да изгледа анархично, нестално дури и неважно, но еден повнимателен период би покажал дека незадоволството надира, иако навистина полека, дури и во досегашната неприкосновена тврдина на лојалноста — конформистичката Америка. Од четириесеттите години на овој век до почетокот на седмата декада периодот во кој ненешната млада генерација во САД беше оформена, без сомнение Америка беше една од најмоќните сили на светот. Во едно такво време на интернационална предоминација владеачките кругови биле релативно толерантни кон домашниот немир и протест, меѓутоа интензивирањето на црнечкото движење и зголемувањето на внатрешните спротивности воспоставија и на домашен план една нова област на конфронтирање. Во времето кога се појавува несбично голем број движења и организации дијаметрално различни меѓу себе, основен носител на револтот е движењето на Новата левица. Да се зборува за Новата американска левица всушност значи да се зборува за дел од современата американска младина, затоа што најголемиот дел од своите следбеници Новата левица го има токму меѓу младите. Неточно би било меѓутоа сфаќањето кое денешната млада генерација — Американци би ја поистоветило со движењето на Новата левица бидејќи како и целата Америка и сè што ѝ припаѓа, така и младите веројатно првенствено по своите политички убедувања се хетерогени и варираат од крајно десно до крајно лево определени. Основното прашање околу кое започна поларизирањето на американското јавно мнение беше војната во Виетнам, но конфронтацијата се прошири од едно така ограничено поле врз една далеку поширока основа што ја сочинуваат спротивностите на постоечкото американско општество. Врз една таква база изникна едно цело ново движење, кое пред сè плени со својата отвореност и спротивност. Тоа е надвор од сите познати концепти за организирано движење и поседува свој сопствен, оригинален начин на дејствување кој непрестано добива нови облици. Новата левица се нафрла не само врз неприкосновената власт на моќната империја и врз постојните норми, ами му го подава својот предизвик и на сето она што по нејзините мерила се наоѓа во сопственост на конвенционалното, конформистичкото и нечовечното. Во својата книга „Судењето“, еден од новите левичари Том Хајден вели: „Ние осознавме една структура на опресија со такво огромно богатство и оружје што изгледаше невозможна да се подели. Дури и повеќе од тоа, таа изгледаше способна да го задуши и самото појавување на вистински политички предизвик. Поради општо високиот стандард на живеење и адаптабилноста на системот кон социјални притисоци ние бевме приморани да постоиме единствено како маргинална сила“.



## Карактеристиките на движењето

Иако Новата левица најчесто се поистоветува со движењето на „Црните пантери или движењето на студерднтите, таа претставува склоп од еден далеку поширок број на движења во кој покрај споменатите влегуваат и Младинската интернационална партија (YIP),

групата Weathermen, Womenis, Lib и други. Во една анкета на списанието „Фортуне“ околу 750.000 студенти се квалификувале како припадници на Новата левица, а околу два милиона како нејзини приврзаници. Се чини дека повеќе не постои младо „тивко мнозинство“ кое старее за да го замени она сегашното врз чија подршка Никсон највеќе ја темели својата политика. Теориите кои го темелат објаснувањето на постоењето на така снажниот револт врз „судирот на генерациите, кој го наоѓа изворот на несогласувањето во недостатокот на општењето меѓу генерациите и кои докажуваат дека младиот радикал со наполнувањето на триесетте години полека почнува да тоне во водите на лојалноста, звучат шупливо. Не се работи за револт на млади кои се бутнуваат поради тоа што не се вклучени во постоечкиот систем и се оставени настрана без влијание врз менувањето на постојната политика ами се работи за млади кои хистерично не сакаат да бидат вклучени во постојниот, како што тие го нарекуваат систем на лудило“. Се работи за млади луѓе кои се нашле себе си одбивајќи се од оклопот на пуританизам и кои осознавајќи една машинерија која не успева да ги допре нивните барања се свртуваат кон сознавање на свој сопствен свет.

Борбата на младите левичари понекогаш барање на свој сопствен идентитет и во тежпоприма чудни дури и шокантни облици. Едно од карактеристичните обележја ако не и оружја на движењето е и новиот јазик. Вобата за што поголемо дистанцирање од конвенционалното тие посегнуваат по нови и несекојдневни изразни форми кои со својата неконвенционалност претставуваат спротивност на јазикот на секојдневното општење. Едно од најважните обележја на Новата левица е и нејзиниот интернационализам во веќе споменатата книга Хајден вели: „Живееме во време на универзална желба за нови општествени односи ... Светот денес е толку взаемно зависен што борбата за слбода каде и да било предизвикува вибрирање. Американската империја е самата по себе толку раширена низ светот ,што за првпат луѓето имаат не само заеднички дух, но и заеднички непријател. Нашата револуција ќе биде дел од една интернационална револуција“.

Една од карактеристиките и веројатно слабостите на Новата левица е недостатокот на сопствена идеологија. Таа е соединета против постоечката опресија, меѓутоа не и соединета за остварување на било што конкретно. Постојното за неа е неприфатливо но и идното е неопределено. Во моментот кога нараснатиот протест и отпорот кон егзистентните односи ќе го достигне својот зенит и ќе создаде своја сопствена идеологија, Новата левица ќе претставува далеку позначајна снага од она што е денес. Формите на делувањето во времето на шеесеттите години беа адекватни за насочување на јавноста кон проблемите кои најповеќе ги засегнуваа младите левичари, но нивното понатамошно егзистирање е неминовно поврзано со менувањето на постојните форми кон подлабоко ниво на ангажирање. Од нејзината адаптаалност кон новонастанатите услови, од нејзината способност да ги согледа правите решенија, во многу зависи и понатамошното еволуирање на американското општество.

## Партијата на црните пантери

Колку и да покажува Новата левица знаци на почетни заболувања, знаци на колебања, недоумица па дури и дезориентација, овие карактеристики нема да се однесуваат и на припадниците на Новата левица групирани околу партијата на Црните пантери. Веројатно големите репресалии на кои е подложено црнечкото население допринела за неговото побрзо идеолшко и политичко освестување. Партијата на Црните пантери има изградено своја идеологија која според зборовите на нивниот министер за информации Елдриџ Кливер го претставува „искуството на црниот народ и мудроста собрани од црните луѓе во текот на четиристотини години долгата борба против системот на расистичка опсесија и економска експлоатација, претставена низ призмата на марксистичко-ленинистичките анализи од страна на нивниот министер за одбрана на Њу Њутон“.

Денес ниеден посериозен приод кон политичката ситуација во САД не може да го пренебрегне постоењето на една таква силна организација каква што се Црните пантери. Последните хајки на полицијата по членовите на оваа организација можеби повеќе и од „ослободителните школи, бесплатниот појадок за сиромашните и бесплатните клиники што тие ги организраа ја зголеѓи популарноста на оваа радикална партија меѓу жителите на гетата. Црните пантери се ретки, едни од ретките кои во дадените услови како свое главно обележје ја имаат поставено физичката сила на оружјето раководејќи се од своето сознание дека „во било кое време ненаоружаните луѓе се или робови или подложени на поробување“.

За денешната положба на Црните во САД, Џемс Болвдин еден од најеминентните претставници на современата црнечка литература вели: „Сево ова може да му биде неразбирливо на оној кој не ја познава суштината на бруталноста на американскиот живот. Тешко е впрочем за тоа да се зборува и во Америка. Американците не веруваат дека ситуацијата е таква, а Европјаните не можат ни да ја замислат. Тие не можат да го заборават расниот проблем, а не ја познаваат или се прават дека не ја познаваат вознемирувачката општествена стварност на заедничкото егзистирање на црните и белите“.

Веројатно единствено овие зборови водат кон суштината на пораката од Америка од 19 јуни 1970 година што ја упатија Црните пантери: „Часот е последен. Ситуацијата е очајувачка. Америка се наоѓа во средината на најголемата криза во својата историја ... Од дваесет и пет до триесет милиони и ние сме вооружени. Свесни сме за нашата положба и решени сме да ја промениме. Ние не се плашиме“.

Ниедно од постојните општества не е имуно кон антагонизмите што ја матат застоената вода на нашето секојдневие, а Црните пантери во денешна Америка го чинат токму тоа. И самиот факт — „ослободителните школи“ и самата борба на Пантерите која допринесува жителите на гетата да ја осознаат својата стварна положба е доволен една голема машинерија да се придвижи за нивно уништување. Веќе познатите методи на судски процеси околу кои се исплетува цела низа предрасуди се јајцата оружје во борбата против Пантерите. За тоа доволно јасно зборува и последниот случај со апсењето на Ангела Дејвис. Сето ова наведе еден професор на Јелскиот универзитет да изрази сомневање дека „едно редовно судење на Црнец во постојниот момент е можно да се води во било кој дел на САД“.
ниот момент“.

Веројатно е дека Пантерите водат борба во која поразот им е однапред предскажан, нешто заради софистицираните методи на борба против нив, а нешто заради релативната изолираност на ова од останатите радикални движења во САД. Меѓутоа нивната верба во иднината им ја дава и најголемата снага и како што вели еден од нив „следната генерација ако и не биде Пантери по име сигурно тоа ќе биде по душа“.

Ќе треба генерации Американци да продефилираат низ времето за да се појави генерација која никаде во себе нема да биде дискриминаторска. Сегашната генерација е сè уште преблиска до неславното минато за да може потполно да се ослободи од неговото бреме.

В. Коробар

**ГИНТЕР ГРАС**

Сепак не можеме тука само да посматраме.
Ако не можеме ништо да спречиме,
мораме да станеме поразбирливи.
(Па работи нешто. Па работи нешто.
Што било. Па работи нешто.).
Гневот бесот и лутината бараат свои атрибути.
Гневот се наречува праведен.
Веднаш се зборува за секојдневен бес.
Лутината паѓа во немоќ: немоќна лутина.
Зборувам за протестната песна.
И против протестната песна.
(Еднаш видов регрути при заклетва,
Како со склопени прсти зад грб затаија.)
Несвесно протестирам против несвесниот протес.
Се врти со велигденските маршеви на молчење тегобноста
Се врти со стотина добри имиња.
Под седум точни реченици.
Се врти со гитари и слични
Протестни инструменти кои ги потпомагаат грамофонските плочи.
Зборувам за железниот меч и за испаднатиот заб,
за протестната песна.
Како што е челикот коњуктурен,
коњуктурна е и лириката.
Наоружувањето отвара пазаришта за песни против војната.
Производните трошоци се мали.
Се зема: осмина праведен гнев, две осмини секојдневен бес.
И четири осмини немоќна лутина, со тоа што ова да годи.
И противвоена емоција од средна големина,
Евтино може да се добие.
Од Троја постојат кукурки од штици.
(Па работи нешто. Па работи нешто.
Што било. Па работи нешто.).
Да направиме мал одмор: веќе испари праведниот гнев.
На малиот секојдневен бес вентилите му пиштат.
Немоќната лутина се растоварува полни луфтбалон,
кој непрестано се дига, станува помал и помал, исчезна.
Дали се песните вежби на дишењето?
Ако оваа цел ја исполнуваат — јас го поставувам,
прозаично како дедо ми, прашањето за целта,
тогаш лириката е терапија.
Дали се песните оружје?
Понекогаш, наоружани, тешко се движат.

Тие мораат према приликата непријатност
да употребат како превозно средство:
доаѓаат до целта,:
најпрво во Фељтон, после во Антологија:
Напалм-метафората и нејзините промени
во протестната песна низ шест години.
Се врти и со песната трактор.
Праведниот гнев набројува беда и терор.
Секојдневниот бес наоѓа рима во ускратениот леб.
Немоќната лутина задишана за себе зборува.
(Па работи нешто. Па работи нешто...)
За тоа постојат помошни правила.
Но таа сака со креда да го одбележат, каменот,
но тој не сака да се помрдне.
Преѓешниот ден го мами беспомоќниот мир на оправданиот протест,
сигурен во погодокот на помазниот демант.
Бидејќи во суштина навистина се понекогаш во право
во деталот премногу лесно се лажат, со потписниците се дистанцираат
полугласно од составувачите и нивните протести...
(Не купуваат само крадците нараквици).
Нешто останува излишно: многубројните недоразбирања
се цитираат едно со друго.
На погрешно исправување
се учат од заморчињата.
И непрегледно се размножуваат.
Тогаш се смилостиви каменот и работи
како пореметен:
додека гневот, бесот и лутината си упаѓаат еден на друг в збор,
излегуваат специјалистите на моќта,
смеејќи се пред публиката. Држат фундирани предавања,
За цената која слободата ја бара, за
напалмот и неговото застрашувачко дејство.
За праведниот протест и објаснивиот бес.
Сé тоа е преживеано.
Зошто моќта само на моќ почива.
Но ние ја презираме моќта.
Ние не сме моќни, сами себе се убедуваме.
Беспомоќно тонеме во немоќ.
Чувството на праведен гнев бидува криво сфатено.
Секојдневниот бес се влива во маршеви на моќ,
кои се однапред пријавени и одобрени.
Во круг трча немоќната лутина.

Тоа го појачува исто така праведниот бес.
На злобните полицајци:
немоќната лутина станува опиплива.
Тупаницата се развива во глава.
И тврдите зглобови мислат во ниски удари
(па работи нешто, па работи нешто)
Сето тоа има одек и моќта
го казнува со удари на субвенција.
Стои веќе каменот, кој требаше да се приближи,
неподвижен на маховината.
Може ли така понатаму? — во круг.
Што треба да работиме? — што било.
Што ќе правиме со лутината? — јас знам рецепт:
На ѕидот на одзивот ковај клинци.
Сечи им ги главите на глуварчињата и свеќите.

Проби се до софата,
Сè уште ја имаме лутината.
Насекаде веќе зарипнавме.
Попусто сме против сè.
Што треба да работиме?
Што да работиме овде со лутината?
Па работи нешто.
Мораме што било,
работи нешто, да се работи.
Слободно, да протестираме брзо.
Овој не сака да соучествува во протестот.
Слободно, потпиши веќе брзо.
Ти сепак секогаш беше против.
Кој не ќе се потпише, и тој стои зад тоа.
Убава е лутината во при бес,
Зошто пред малку беше нахранета.
Долго трчаше немоќта по дождот,
чорапите сега ги суши.
Лутина и вентили, за тоа да се пее;
Немоќ, твое иглено уво е пеењето:
Зошто јас ништо не можам да работам,
зошто јас ништо не можам да работам.
Јас сум лут, јас сум лут.
Па работи нешто, па работи нешто.
Што било. Па работи нешто.
Ние мораме што било,
не можеме сепак ништо, не можеме сепак ништо.

ние мораме што било,
па работи нешто, да се работи.
Трчај молчешки протест.
Веќе трчав. Веќе трчав.
Напиши песна.
Веќе напишав. Веќе напишав.
Вари пифтии. Пифтии од свинска глава:
Немоќта бабри, лутината потреперува.
Јас знам рецепт; кој ќе ми го зготви?

# ШТО БИЛО ДА СЕ РАБОТИ

# ХЕРМАН ХЕСЕ ИДОЛ НА МЛАДИТЕ СКОПЈАНИ

„Зошто го сакам Хесе? Заради тоа што се наоѓа надвор од овој свет што јас го отфрлам. Заради тоа што тој ги мрази дебелите граѓани исто како и јас. Всушност тој бил прв хипи." Вака започнува еден напис во НИП од пред извесно време за феноменот на популарноста на Херман Хесе во САД. Тој е најчитаниот, најсаканиот, најпопуларниот писател денес во Америка и се разбира во центарот на вниманието на американските социолози, психолози и литерати. Тие велат: „Хесе е пророк на американската младина", бидејќи го читаат и се поистоветуваат со него учениците, студентите и хипиците за кои овој Германец е „мајстор на психоделичното искуство и поет на внатрешното патување." Ова сето укажува на тоа дека на Хесе му должиме внимание, а тој несомнено и го доби во редовите на младината кај нас. Бил тој поет на хиппиците или не, неприкосновено тој е на балзаковски начин секретар на нивната историја, а оние што во Скопје го читаат неговиот „Демијан", ако и не се поистоветуваат со него, секако ќе најдат нешто блиско. Хесе можеби и не ќе стане пророк на европската младина, но бездруго бранот на популарноста ќе ги разбранува европските читачки води и јас верувам дека наскоро тој ќе биде еден од најчитаните писатели во Европа.

Во секој случај тие се причините што вниманието е свртено кон Хесеовиот „Демијан" во последно време од страна на младите во Скопје, Ова наметнува понатаму да се преиспитаме по прочитувањето на книгата, што е она што не приближува или оддалечува од него, до колку тој е ние, нашата душа.

Теоретичарите на литературата укажуваат дека Херман Хесе завршува една романтичарска струја во германската литература која обилува со блискост кон природата и младешки конфликти на илузиите и стварноста. По патувањето во Индија и по Првата светска војна, тој создава нов став кон европскиот дух и култура на г р а ѓ а н с к о т о општество. Од хаотичниот стар облик во распаѓање ќе се роди нова духовна структура. Значи, Хесе верува во менување на светот, уште поточно во менување на редот на нештата во граѓанското сфаќање на светот. Неговиот роман „Демијан" е токму израз на овој негов став, синтеза на романтичарското и реалистичкото на Хесе. „Демијан" е токму затоа тенденција од општоста на поимот човек и човечка судбина да се сврти вниманието кон индивидуалната вредност на единката и тоа по Балзак, Толстој и Горки, кои во името на реалистичкото прикажување на стварноста ја потчинуваа индивидуалноста на општата борба.

„Демијан" претставува историја на еден дух од најраното детство до неговиот зенит и тоа зенит кој означува потполна зрелост. Развојот на тој индивидуален дух врви низ кулисите на религијата која преку митот, култот и верата го овозможува духовното прераснување. Низ целиот роман провејува оваа атмосфера рака под рака со секташтвото, односно подвоеноста на луѓето. Хесе инсистира на тоа дека извесни луѓе поседуваат знак на душата аналогно на митолошкиот Каинов знак на челото. Тоа би значело, ако си дозволиме слобода на толкување, дека тој знак денес во Америка го поседуваат хипиците. По Хесе луѓето со знак се онаа сила која ќе донесе до промени кои „не ќе бидат ни крај на светот, ни земјотрес, ни револуција. Ќе има војна. Можеби ќе настане голема војна, многу голема војна. Но и тоа е само почеток. Новото настанува, а новото ќе биде морничаво за оние кои му се приврзани на старото".

Овој збир на атрибути на неговиот роман не доведува до одговорот зошто Хесе е апостол на душата на младиот Американец, но во исто време не и на мојата, односно нашата. Сепак, секој од нас ќе забележи дека тука, во подножјето на таа промена на светот всушност и преминува субјективниот индивидуализам во вртлогот на општочовечки и универзални текови. Она што нам Хесе ни го пружа, тоа е патот на самосознавањето, постојаното барање на вистината за постоењето. Тој овозможува да се ублажат толкувањата на релацијата добро-зло, на еден добро познат начин во уметноста. Синтетизирајќи го екстремното добро и екстремното зло во Абраксас, Сатана и Господ едновремено, тој го ублажува расчекорот меѓу противречноста на духот и реалниот живот. Двете крајности на добро и зло кај Хесе се потираат и така се постигнува компромис меѓу двата света, субјективниот и објективниот, а трајниот резултат е во воспоставената рамнотежа.

При тоа Хесе претставува човек кој нѐ учи и на интересен начин нѐ доведува до самите себе, до суштествената страна на самобитноста. Бидејќи редовите на оваа книга се однесуваат на едно така чувствително нешто како што е разоткриената човечка душа, неговите интимни доживувања до најсуптилните граници, тој успева да влијае поучно, воспитно, со гласот на искуството и поетскиот авторитет.

Основната привлечност на романот за нас е токму можноста да бидеш искрен со самиот себе пред немата реч на авторот. Во својот увод кон книгата Хесе вели „животот на секој човек е пат кон самиот себе, испробување на еден пат, наговестување на една патека. Ниеден човек никогаш не бил потполно тој самиот, но секој се стреми тоа да стане, некој подмолно, некој јасно кој како умее". Понатаму во книгата тој ги дава глобалните скици на тој пат посочувајќи го секого кон сопствената судбина. Интересот за книгата е предизвикан и од желбата да се биде во текот со стремежите на младината во светот, поточно да се проникне во длабочината на филозофијата на хипиците што тие ја проповедуваат. На кој начин и да е предизвикано вниманието кон „Демијан", важно е да се запрашаме и за тоа дали смееме да се идентификуваме во потполност со ваков Хесе, дали сме оптоварени со сето бреме што го носи млад човек во едно граѓанско општество. Во секој случај не, поради низа вистини со кои пречистило нашето општество, до кои нема потреба да доаѓаме сами. Ако Хесе се сфати како објективност прерасната од најчистата индивидуалност и ако го сфатиме општото што произлегува од посебното, ќе ја извлечеме битната опучна страна на неговото дело.

Инаку за запознавање на проблемот што интригира, а тоа е привлечноста на едно психоделичко искуство, ќе треба да се прочитаат и другите дела на овој Германец и тоа пред сѐ „Степскиот волк", „Игра на лажните бисери", Како и да е, она што воодушевува е интересот кон книгата на еден нобеловец кој може да ни донесе извонредно задоволство, размислување.

Балабанова Билјана

## ЛЕШЕК КОЛАКОВСКИ

# Државата ја убива уметноста

Потпрена од силата на државата политијалната моќ го узурпира правото со прописи да одредува дали некоја уметничка продукција е „права“ или пак „лажна“. Тешко е во тоа да не се види враќањето на ждановизмот.

Повторувам, и ние, интелектуалците, ќе го повторуваме тоа бескрајно иако е тоа само најбанална вистина: ДУХОВНИОТ ЖИВОТ БАРА СЛОБОДА — најмалку слобода на мислењето за културата, нејзините вредности, нејзините можности. Но, не еднаш, оваа форма на слободната мисла не измамила. Секоја дискусија на ова подрачје обавезно води кон принципиелни прашања и стапува, следствено на тоа во цел еден град на забрани. Уште повеќе, тоа сосем специјално мислење за културата се гуши систематски, со невидливи решетки кои се спротивставуваат на секој персоналитет што мисли.

Управувањето со културата се наоѓа, сега, во фазата на спирално простирање, кое не води кон ништо друго туку кон секогаш поголемо, во основа подлабоко отуѓување помеѓу стварниот духовен живот и управувањето со него.

Управувањето без престанок ќе води кон сè поголемо духовно сиромаштво, сè поголемо расипување и опустошување на нашите духовни енергии, секогаш кон сè поголемо кршење на гранките на интелектуалниот живот.

Се наоѓаме во ситуација во која неизбежно мора да дојде до антагонизам ,горчина, деилузионирање, чувство на немоќ и безнадежност. Во оваа ситуација може настанувањето на секоја неадаптивност и грубо касапење, за што управувањето со културата дава непрестани докази, со давање на сите можности за изразување на протест, да има само еден единствен резултат: непрекидно заострување на оваа ситуација.

Се расправа околу класичниот, иако многу банален пример на повратно дејство: репресијата треба да се оневозможи, да се обнародат изјаснувањата на опозицијата (затоа што за вистинската основа на оваа опозиција никогаш не се води сметка); оваа репресија ја појачува опозицијата: оваа појачана опозиција нужно води кон појачана репресија; итн. итн. без крај. На овој начин се доведовме во срамна положба, претворајќи ја целокупната драматика од Есхил преку Шекспир до Брехт и Јонеско во збирка алузии на Народна Република Полска.

Но ако не може да се игра ништо повеќе што на режимот не му се чини доволно неутрално, тогаш театарскиот живот нужно доаѓа до состојба на тишина. На бината секогаш се извршува враќање на најелементарните човечки вредности, а на ова подрачје за режимот сè е сомнително.

Бидејќи целата литература и уметност на светот ги подразбира елементарните човечки вредности, со вакво држење едноставно се правиме смешни. Со тоа не постигнуваме ништо друго освен што на нашите противници им пружаме само приличен материјал за нивната субверзивна пропаганда.

Полскиот филм потполно пропадна. Бедниот начин на кој нашата штампа информиниот начин на кој нашиот печат информира, без сомение не информира, е таков што се дига косата на глава. Хуманитарните науки, современата историја, социологија, политичките науки, правните науки, се угнетуваат и задушуваат. Во дискусиите никогаш не се одважува да каже од што навистина треба да се ослободиме. Вистински часописи за култура нема.

Овие состојби се бедни и за длабоко жалење. Сите патишта во полската култура водат кон забранетото овоштие.

Монополот е орудие за опустошување на духовниот живот. Зошто целиот духовен живот мора да закржлави и на крај да изумре ако нема спротивставувања, или не смее да ги има. Културните сhаги изложени на светлина опсипани со материјални привилегии, не продуцираат ништо освен карикатура, на духовниот живот; монополот води исто така кон духовна смрт заправо на оној кој што живее од овој монопол. Секој критички глас постојано се загрозува и интерпретира така што целата критика добива карактер на една забранета расправа. Секоја критичка анализа се наречува антисоцијалистичка и се снабдева со етикета дека цел ѝ е обновувањето на капиталистичкиот поредок. Тоа е, просто, уценување.

Ако мораме да признаеме дека социјализмот може како факт да егзистира само таму каде што културата се гази со нозе, тогаш тоа би било признание дека социјализмот е невозможен, освен како пародија на она од што сме проистекле како социјалисти. Но мојата претстава за социјализмот е заправо обратна: под социјалистички живот го подразбирам животот слободен од принуда на несносливи, смртоносни за духот односи.

А таму каде што духовната снага на творештвото и промислувањето за оваа снага се вреднува како перманентно државносомнително и на неа се одговара со репресивни против-мерки — таму сакаме укинување на таквите односи не против социјализмот, туку во име на социјализмот.



# Дневник на еден од средината

## Антимемоари

— Бобо, Бобо — викаше бледата, Вие мене не ме сакате воопшто, Бобо, во тоа е разликата.

— Чујте, рече Бобо, јас моментално не знам што да мислам за сето тоа. Ако ме сакате, дајте ми малку време. Купете ми часовник. И скиф, па пратете ме некаде, каде било на мир да веслам и размислувам.

Сакајќи го неизмерно, бледата му купи часовник и скиф и со полна надеж го испрати на морската шир. Таму, Бобо, примети чудна женска со саксија на глава.

— Се разбирате ли случајно во цвеќарството — запраша онаа под саксијата.

Бобо ама баш ни најмалку не се разбираше од цвеќе, а сега и не му беше којзнае колку до тоа.

— Што станува со вашето цвеќе?

— Не знам, појдов некого да прашам!

— Јас со себе немам алат. Дајте ми ја саксијата, утре ќе ви одговорам. Утредента се најдоа под една палма —

— Вашето цвеќе мора да оди на планина, под итно. Ако имате некоја пара и кола, јас лично ќе се погрижам за малата билка. Женската имаше и пари и кола и саксијата отиде на планина. Меѓутоа, токму таму, Бобо сретна една друга дама која имаше други проблеми. Го држеше за рака, и го молеше да ѝ помогне. Додека тој размислуваше, таа плачеше.

— Не се сомневам дека би можел да ви помогнам, рече Бобо, меѓутоа јас имам некои обврски кои би можеле да ги средиме заедно.

Мислеше на цвеќето во саксијата.

Се разбира, зошто да не, тој ги решаваше нејзините проблеми, а таа го плаќаше цвеќарот кој ја лечеше билката.

Но, кога Бобо погледна на својот часовник, се сети и на своите поранешни обврски. Го чекаа две, една на морската шир, а друга на брегот. Беше време да се врати.

Ја понесе саксијата со опоравеното цвеќе и ѝ го спушти на главата од која го зеде. Потоа тргна кон брегот каде што го чекаше бледата

— Да или не? — Викаше.

— Да! Одговори тој убедливо мавтајќи со десната.

Таа се онесвести од среќа, што Бобо почна повторно да го заморува.

* * *

Беше мошне отмен господин.

Правеше порано. Сега дробеше камен од хоби, а професионално го чекаше поштарот. После се. Тој би можел да добие едно писмо кое целиот негов шугав живот би го свртило на глава.

Мана му е што не познава никого на пристојна далечина. Според тоа, никој не е во состојба да му напише писмо или да го усреќи со својата посета. Сепак, писмата понекојпат залутуваат. Како и луѓето. Сешто може да се случи.

Ете, во финалето на големиот кралевски турнир, играше на писмена покана со кралот на Занзибар.

Пред тоа дописно исканта два-три познати крала.

Тој сам, не беше крал. Затоа си дозволи самиот себе си, во цајтнот, да му украде лауфер на оној последниот крал. Имаше некои планови за себе. Титула некоја му беше потребна.

Кралот за шах и така и вака беше пацер. Тој само сакаше да праша. Писмено. После се! — Зошто се против пеналтик кога ќе се нападнат? Му рекоа дека не сакаат, прво, да го слушаат, а второ, се работело тука и за проширување на вените и растегнувањето. Тој сето тоа го прими како господин, последен, но достоинствен.

Сето ова изгледа по малку неверојатно, но тоа е ситница спрема она за што господинот беше во состојба, во свое време. Не, најсериозно, чесен збор, можеше многу нешта! Неверојатни! И некој од страна рече: — Разбирам додека беше... Тогаш неговите злодела импонираа, но сега никој не го зарезуе. Да не се префрлил малку господинот?

Којзнае! И кој е во состојба денес тоа да го разреши?

Најдобро е да не ја препумпаме работата. Задржете го во убаво сеќавање затоа што можеби токму тебе ти требаат светци! Еден помалку или повеќе не ги менува битно нештата.

* * *

Таа, имаше свој бивш личен. Но, го држеше на растојание. Пристојно. И никакво љубење не доаѓа во обзир за комбинација. Од хигиенско-технички разлози на заштита.

Добро, само ни тој не сакаше да рескира за себе и така дојде до тоа, да ја остави. Така таа почна да претечува. И целата се истопи од несреќна љубов. Се сакаше само себе. Рече дека единствено кај неа лагата полага право на повратност.

Изгледа дека тоа после ја погоди у живац оти веднаш доби живчано па почна и на другите бивши лични и на сегашните да им ги откочува килотите. Експрес — препорачано! Катр — сезон! И француски, без мака во сто лекции.

Покрај сѐ мразеше и цвеќе, па затоа не ја ни пишуеам таа, веќе бивша... Ја препишаа помеѓу другото и сегашните!

# THE NEW UNDERGROUND AMERICAN FILM



(Превод од англиски и избор Б. К. Доре)

Едно јајце прснува, а споменици се превртуваат. Еден питон мрзеливо се обвиткува околу голема стаклена ваза во која е затворено едно дете. Покрај еден гигантски телескоп стои стар човек, неговите уши пламтат како сијалици. На еден тесен кревет лежи гола жена кикотејќи се и скокајќи, додека едно огромно коњско копито најавува нешто лошо...

Многу луѓе ова би го нарекле ноќна мора. Лојд Вилијамс, дваесетишестгодишен њујорчанец, кој ја креираше оваа секвенца од слики, тоа го наречува уметничка работа. Изненадувачко е тоа што голем број Американци денес се согласуваат со него. После петгодишни јалови рапорти за некаков „подземен филм", американските кино-гледачи ја сфатија суштината. За првпат бројната публика се прилагоди на експерименталниот филм и започнува да верува во она што неколцина, со години, го говореа — „подземните филмови отвараат ера на иновации кои се обидуваат да го изменат филмскиот јазик и да го редуцираат човечкото око."

Носител на оваа филмска револуција е филм-мејкерот Џонас Микас, 44-годишен, плашлив човек со долга мрсна коса. На перо и лично, Микас пасионирано ја прокламира смртта на филмот како индустрија и раѓањето на филмот како уметност. „Новиот филм е страст" — вели тој, „страст на слободниот креативен чин". Стариот филм, како што Микас го гледа, естетски беше не повеќе од екстензија на театарот. Новиот филм, иако исто така ќе кажува приказни, ќе биде, есенцијално, филм на слики и движења компонирани од филмски поети. „Новиот филм е уметност на светлината" — вели Микас — „И тој никнува во светот како нова зора".

На прв поглед, сето тоа изгледаше како некоја нечиста зора. Микас и неговите следбеници најнапред изнајмија една куќа во центарот на Менхетен, за да го прикажат „ДЕВОЈКИТЕ ОД ЧЕЛЗИ", трииполчасовен експериментален филм на поп-сликарот ЕНДИ ВОРХОЛ. Ексклузивно, јасно и заморувачки, филмот ги опишува: хомо-сексуализмот, лебејството и земањето droги. Мноштвото критичари (повеќето од нив над 40 години) овој филм го оценија како нечист, одвратен и онанистички. Но, кино-гледачите (повеќето под 30 години) чекаа во долги редови за да купат карта. Дистрибутерите ширум САД одеднаш ги фати грозница и молеа да го добијат правото за копирање и прикажан во најмалку 100 киносали додавајќи ги и бројните филмски здруженија по колеџите. Сума та што овој филм ја заработи изнесуваше најмалку 1.000.000 долари.

Со тоа беа срушени барикадите и авангардата надојде со јуриш. Веднаш се појавија првите подземни режисери. Филмовите: „ИСТРИЕНИ ЛАКТОВИ" и „ПОРТРЕТОТ НА ЏЕСОН", на режисерите: Роберт Доуни и Ширли Кларк, предизвикаа нова бура и негодувања кај полицијата. Првиот филм говори за еден провинциски идиот кој се надева дека ќе стане богат со подведување жени — џуџиња на користење контакт — леќи како контрацептивни средства, а вториот филм е 120-минутно интервју со една црна проститутка. Обата филма беа оценети како succes de scandale. За повеќето киногледачи овие филмови ќе претставуваат ништо, кое одамна не го виделе, иако авангардниот филм беше откриен многу поодамна — најмалку во раните дваесетти години кога Луис Буњуел и Мен Реј започнаа да прават надреалистички филмови во Париз. Но, суштинското движење стана можно само во доцните пеесетти години, кога технологијата на филмот направи нов пресврт. Филмот ја зголеми сензибилноста; камерите, светлата снимателските екипи, се смалуваа во обемот, тежината и чинењето. Одеднаш скоро секој можеше да снима филмови и да ги создава насекаде туку-речи за ништо. Стотици млади луѓе и жени започнаа да прават експериментални филмови. Повеќето од новите филммејкери се согласуваат дека во филмот не е најбитна фабулата што ќе се раскаже, туку визуелниот дел — сликите што филмот ги фрла на екранот. За да ги променат и да ги витализираат своите слики, подземните режисери правеа и прават семожни опити. Тие ги накривуваат камерите, ги свртуваат наопаку, надоле и нагоре, играат со нив во брзо темпо, ги брануваат, ги пуштаат успорено и брзо, ги пуштаат назад, надвор од фокусот, ги режат сликите во брз монтажен ритам така што свеста на гледачот не може да го регистрира она што очите го перцепираат. Подземјашите ги бојат филмовите, ги гребат со ножеви, ги преекспонираат, ги затемнуваат, снимаат во трипла — експозиција, супер — наметнуваат три филмски ленти на четврта, миксираат бело и црно, сепија и колор во ист кадар. Тие го раздвојуваат екранот во дузина сегменти, користат многу проектори и многу звучни ленти — симултано. Нивните филмови траат по неколку секунди и по десетина часови. Многу од подземните режисери се поети, музичари или сликари. Тие им припаѓаат на така-наречените Нови Боеми и можат да се сретнат во источниот дел на Менхетен или во северните плажи на Сан Франциско. Тие се со долги коси и бради, некои од нив се оженети, некои се дрогираат. Нивните филмови по правило чинат околу 500 долари, а можат да донесат многу поголеми заработувачки. Меѓу основоположелите на андерграунд — филмот спаѓаат: Роберт Нелсон — 37 години — познат по филмот „ПРОКОЛНАТИ ЛУБЕНИЦИ", Мери Менкен — 57 години, Кенет Енгер — 35 години, по природа див човек и еден од најкреативните подземни режисери. Енгер е познат по филмовите: „СКОРПИО РАЈЗИНГ" и „АРТИФИЦИЕЛНИ ВОДИ". Во оваа група спаѓа и покојниот Рон Рајс од Њујорк, потоа Стен Бреки — 38 години, хипохондрик, кој живее со жената и пет деца во една дрвена колиба во Колорадо. Покрај овие автори постои и група — доајени во која спаѓаат: Стен Ван Дер Брир, Ед Емшвилер и Хари Смит. Во најмладата група, многу талентирани режисери, се наоѓаат: Бен Ван Метер, Кен Џекопс и Брус Бејли.

Дали носителите на новиот филм сериозно очекуваат да го задржат АНДЕР-ГРАУНДОТ над земјата? Џонас Микас е сигурен дека одговорот е ДА. Тој е организатор на здружението на ФИЛМ — МЕЈКЕРИТЕ, кое откупува експериментални филмови. Микас има околу 600 филмови во својот каталог и бројна листа на киносали низ САД во кои се прикажуваат подземните филмови. „Вие можеби ќе речете..." — мрмори Микас со мала насмевка — „...дека лудаците зафаќаат азил. та требаше да биде по малку налудничава!" Ништо лошо со тоа. Не така одамна уметнос-



# НЕШТО НОВО НА ЗАПАД

„Што можете да кажете за една дваесетипетгодишна девојка која е мртва? Дека таа беше убава. И брилијантна. Дека ги сакаше Моцарт и Бах. И Битлси.

И мене."

Така започнува денес најпопуларниот роман во Соединетите Американски Држави. Тој е тоа веќе полни две години. Насловот е „Љубовна приказна", а автор е Ерих Сегал. Тоа е приказна за љубовта на Оливер Барет IV (што мириса на американска аристократија) и Џени Кавиљери, ќерка на италијански емигрант. Тој е богат, а таа сиромашна. Тој студира право во Харвард, и игра хокеј во универзитетскиот клуб; таа е на соседниот Редклајв — женски колеџ, студира музика. Нивната искрена љубов завршува трагично. Џени умира од леукемија.

Што е тоа што американските читатели (предимно младината) ги привлекува во овој роман? (Ако е тоа точно досега е отпечатен тираж од шест милиони примероци.)

## НЕШТО ЗА РОМАНОТ

„Љубовната приказна" е лесно читлива романтична книга. Дури по малку наликува на одминатите старински приказни, со неизбежното тргнување за „понежните срца" (при последните неколку страници). Авторот се одликува со вонредно чувство за духовитост и употреба на неконвенционален говор, малку фрапантен и едноставно поетичен. Тоа е заправо јазикот на денешната американска младина. И баш во тие димензии романот е различен од некогашните такви приказни. Затоа и не е чудно што младината така брзо го прифати романот. Но се поставува пак прашање- зарем на таквиот јазик не пишуваат уште многу денешни американски автори?

Зошто тогаш баш овој роман?

Последните десетина години сѐ што беше пишувано за американската младина беше во сенка на некој протест, желба за револуција: бунт. На младината ѝ се нудеше литература со секс, груби чувства, садизам и урбанизирано-технолошка отуѓеност. За илустрација да кажам дека претходниот (за 1969 год.) книжевен бестселер во САД беше романот „Портноевата болка" од Филип Рот, кој се одликува со миллеровскиот сексуален речник, па дури и нешто повеќе од тоа. Во таквата атмосфера проветрувањата беа ретки. „Љубовната приказна" е едно од тие проветрувања и забележително мошне успешно. Потребна е сила и храброст од авторот за да напише нешто такво. Неговото дело е сосем спротивно од онаа тенденција кон насилство, секс и темнина во чувствата. Сегал не бара ништо. Тој не протестира против нешто. Се работи за некој облик на враќање кон романтичноста, поетичноста и силно верување во убавината на младоста, во убавината на мислите: во убавината на чесноста Никаде во романот не среќаваме грубост или насилство. Љубовта на Џен и Оливер е и премногу чиста. Секој пасус е уметност за себе. Се чита во невообичаено темпо. Во стилот на раскажувањето „Љубовната приказна" ми наликува на стилот на нашиот современик Синиша Павиќ и неговата „Вишна на Ташмајдан".

## ЗА АВТОРОТ...

Ерих Сегал, триесет и четири години, професор. Роден е во градот Њујорк, а воспитуван во Харвард. Живее во Њу Хевн (Конетикет) каде на Јелскиот универзитет предава класична и напоредна литература. Автор е на школски книги за грчко-римските старини. Работел и на филмот. Прво како коавтор на „Жолтата подморница" на Битлси, и оттогаш составувал многу сценарија, вклучувајќи ги и филмот на Стенли Крамер „Р П М" (каде што глумеше Антони Квин).

## ... И ФИЛМОТ

Судбината на популарната „Љубовна приказна" не завршува само со романот. Таа продолжува да живее и на големиот екран. Снимениот филм со ист наслов од компанијата „Парамунт Пикчерс" не е ништо помалку популарен. Напротив. И тука е во предвид рекордна посета на годината. Филмот беше во најтесниот круг на кандидатите за овогодишната (1971) филмска награда „Оскар". Главните протагонисти се Ели Мек Гро и Рајан О Нил. (Познат од ТВ серијата „Градчето Пејтон".)

Младата Америка тој и таквиот роман (а и филмот) неповикливо го прифати. Дали е во прашање најава на нов бран на романтизам? И ако не е во прашање баш тоа, многумина забележуваат дека во Америка нешто се случува. Кога се менува вкусот на читателите, во тој правец се менуваат и чувствата. Понатаму надоврзано на чувствата се менува и погледот кон животот. Младата Америка што надоаѓа бара смисол во животот... смисол на благородност, љубов и мир. Ваквиот тон го одржуваат и низа млади филмски автори. Ако и постои некоја отуѓеност на младите за која се зборува, тогаш е тоа само отуѓеност од политиката (и внатрешната и надворешната) на властодршците и бирократскиот слој. Обидите да се менува општеството преку демонстрации т. е. на сила, досега не успеваа. Затоа сега во истиот правец се тргнува од нова одскокна подлога. За менување на општеството по мирен пат во денешните американски услови најпогоден е почетокот во културните сфери.

Колку во таа насока ќе влијае ова ново културно бранување во САД?

Времето е поумно од мене.

Зоран Јоргаќиески

## ДРАГИ ФОКУСЛИЈКИ

Што мислите, лесно ли ми е да ви зборувам за ХОТ ПАНТС во овој ХОТ мај)? Секако не, затоа поарно е да гледате во моделите отколку да се мачите со моите просто-проширени реченици. Сè што сакам да ви кажам е: ДА ГО ОМАСОВИМЕ НОСЕЊЕТО НА ШОРЦЕВИТЕ!!! Носете ги и вие што сте кривоноги, дебелоноги, краткоиноги. Ги носам и јас иако не сум одличнонога. Ако веќе имате шорцеви, би ве советувала да ги дополните и направите поатрактивни затоа што смртниците не се вртат по нив како првите денови. Значи ставете нови детали. Срце никако затоа што сите го носат. Ставете уста, убава, со цигара во аголот. Ставете.... но измислете нешто и самите. Со еден збор сошијте ШОРЦЕВИИ ИИИИИ.....) продолжува во идниот број доколку дотогаш не излезат од мода)

Мила



# Deep Purple vo 9 točki

1. Групата „DEEP PURPLE“ има пет члена. Имињата не ви ги кажувам затоа што и онака нема да ги прочитате. Доволно е што знаете дека вокалниот солист е IAN GILLAN. Што, ни тоа не го знаевте ?!? За срамота !!!

2. Името „DEEP PURPLE“ е апсолутно непреводливо иако значењето му е нешто слично на „Блескав пурпур“. Инаку зборот „DEEP“ во англискиот значи „длабок“. Слободно можете да си правите сопствени комбинации.

3. Музиката на групата е чист рок. Тој им донесе популарност и тој ги одржува во живот. Кога еднаш се обидоа да кокетираат со критичарите и издадоа класичен албум, за малку ќе пропаднеа. Тоа беше албумот „LIVE WITH THE ROYAL PHILHARMONIC ORCHESTRA AT THE ROYAL ALBERT HALL“ кој воопшто не наиде на прием и кој се закануваше да ги уништи како состав. Луѓето и денес се чудат, како англиските кралски музичари можеле да се заслепат од еден блескав пурпур.

4. Како инструменталисти сите членови се одлучни. На плочите подеднакво можете да ги чуете басот и соло гитарата (што кај 99% групи е незамисливо). Посебно се истакнуваат соло-гитаристот и органистот кои ја носат основната специфика на стилот на „DEEP PURPLE“, а тоа е контролирано хаотична музика, со диви премини, соло делници и контрапункти, вонредно погодна за игра и пријатна за уво.

5. Првиот успех им беше „HUSH“ кој веднаш по издавањето се искачи на првото место на американските топ листи и за неколку недели се продаде во милионски тиражи. Оваа песна, инаку компонирана од JOE SOUTH, никогаш не дојде на листите на континентот така што DEEP PURPLE беа скоро непознати до минатото лето.

6. DEEP PURPLE досега издале 5 албума:
- »SHADES OF DEEP PURPLE« PCS 7055
- »BOOK OF TALIESYN« SHVL 751
- »DEEP PURPLE« LHVL 759
- »AT THE ROYAL ALBERT HALL« SHVL 767
- »DEEP PURPLE IN ROCK« SHVL 777

7. DEEP PURPLE снимаат за „прогресивната“ дискографска куќа HARVEST. Ова „прогресивната“ е во наводници затоа што DEEP PURPLE воопшто не се прогресивни, ниту пак имаат намера да станат.

8. Пресвртна точка во кариерата на составот беше издавањето на албумот „DEEP PURPLE IN ROCK“ кој со своите десетина „жешки“ композиции влезе во сите дискотеки и го разнесе името „блескав пурпур“ на кој денес, често и без причина, му се придава големо внимание.

9. Во нашите продавници за плочи можете да го најдете синглот „BLACK NIGHT“ „SPEED KING“ кој не многу одамна беше хит. Посебно интересна е песната „SPEED KING“ (Крал на брзината) која во некоја рака е олицетворение на она што DEEP PURPLE денес го свират.

Тоа е сè. Можеби со некои точки не се сложува вашиот истанчен музички вкус, но што да се прави. За вкусовите не треба да се дискутира.

P.S. За да се одоброволите прочитајте ги препевите на некои песни од DEEP PURPLE.

Горан

## ДЕТЕТО И ВРЕМЕТО

Драго дете дојдено на време
ти ќе ја сфатиш линијата,
повлечена меѓу доброто и злото.
Гледај како слепци пукаат низ светов.

Гледај како куршумите земаат жртви.
Лошо си
господе се кладам дека си лошо,
но смртоносното олово не те погаѓа.
Затвори ги очите,
наведни ја главата

и чекај на рикошетот.
Драго дете дојдено на време
ти ќе ја сфатиш линијата,
повлечена меѓу доброто и злото.





## ЖИВ ТРУП

Рече дека доаѓаш на викенд,
а остана само една ноќ.
Ја извади перикатa
ги извади забите,
скоро се смрзнав од страв.

Направи нешто
за својот изглед,
срамота е.

Знаеш дека си жив труп.
Рече дека си невина
полна со ветување и мистерија,
а сега сакаш да ме уништиш.

Не напразно те викаат големата К.
Направи нешто
за својот изглед,
срамота е.
Знаеш дека си жив труп.

# МИНХЕНСКИ ЏЕЗ БЕНД

Пред полупразната сала Душко Гојковиќ и неговите музичари ни презентираа музика која ретко кога се слуша. Скоро два и пол часа тие со насмевка на лицата дадоа се од себе. Иако денеска младите лудуваат по поп музиката сепак оние млади луѓе што таа вечер беа присутни на концертот се воодушевија од џез музиката на Дуле и компанија. Покрај Душко Гојковиќ во оркестарот свират и Ролф Ерисон — труба Еди Енглес — труба, Хениз Џадек — тромбен, Ј. П. Белтрами — тромбон, Ричард Пулин — тромбон, Хеинз вон Херман — алт саксафон, Фердинанд Повел — тенорсаксафон, Роб Франкен-клавир, Роб Лангереис — бас, Ира Крист — гитара, Јое Нау-тапани, Бранислав Ковачев — тапани, Барбара Фиелд — вокал, Бутхх Худсон — труба.

Овој концерт на Душко Гојковиќ е негов четврт концерт во Скопје. Првпат настапи со својот квинтет, вторпат со Фили Џо Џонс — еден од најдобрите тапанари на светот, трет пат со Кени, Кларк, Франс и Боланд, и еве сега со неговиот џез оркестар составен од музичари од 9 земји. Душковите музичари се „Фриленс", музичари коишто не работат по уговор, туку се сврзани со едно чуство и желба за музиката.

Колку публиката се намалува толку нејзините аплаузи беа поискрени и потопли. Но нема аплауз кој би ги наградил Дуле и неговите музичари за она што успеаја да ни го пружат за тие два и пол часа музика.

Во разговорот со менаџерот на Душко Гојковиќ дознаа дека после концертот снимиле неколку мумери за Радио Скопје. Душко и неговите музичари се многу задоволни од умешноста на тон мајсторите и од квалитетот на снимките.

„Душко Гојковиќ Муниш Биг Бенд ќе дадат концерти и во Белград, Нови Сад, Загреб, Марибор, Цело и Љубљана.

Najlepši pozdravi čitaocima Фокуса — i do skorog viđenja

Duško Gojković



По една година или нешто повеќе (гостувањето на Кени Кларк) во Скопје повторно доживеавме една ретка можност да слушаме џез на живо. Овој пат се работеше за Душко Гојковиќ и неговиот Минхенски џез бенд.

Овој состав, Гојковиќ го основал — 1969 година собирајќи ентузијасти, на кои веќе им досадило свирење комерцијална музика по Италија, Холандија, Англија, Австрија, Швајцарија, Белгија, Западна Германија и Данска. На почетокот на свирките во Минхенскиот џез клуб „Домициле", тоа повеќе личело на локален состав. Но во средината на минатата — 1970 година, добиваат конечна физиономија на интернационален бенд. Одат по линијата на своевидна модификација на современиот џез (современ во смисол на врската со оние имиња во џезот од кои и ден-денес се пројдува како од извор, и кои сѐ уште остануваат ненадминати).

Постои за Минхенскиот интернационален џез бенд на Душко Гојковиќ, уште една мошне битна одлика. Сѐ се тоа џезери кои со својот шеф си имаат поставено пред себе цел: музицирање на концерти, гостување, фестивали, снимање... но без какво било врзување за некоја радио станица, телевизиско студио или продуцентска куќа. Токму од овде, од оваа нивна карактеристика би можело да се појде во импресиите за настапот на овој состав.

### ЗА БЕНДОТ

Слободарството во џезот е одлика на докажана музичка индивидуалност. Поаѓајќи од ова следува заклучокот дека во бендот на Душко Гојковиќ за нешто слично се работи само во пет или шест случаи. Меѓутоа, следејќи го примерот и на многу повеќе познати биг-бендови, ова не претставува никаков минус. Напротив биг-бендот во џез — музиката е оној преку кого се стигнува до калибарот на испробан со лист кој би „влечел" сѐ по себе, кој би одржувал ниво на составот и кој еден ден би имал можеби и своја мала група или дури и биг-бенд.

Пример за ова е Душко Гојковиќ. Основната пречка во конечното моделирање на еден бенд е неговиот национално-музичко структурален профил.

Минхенскиот џез-бенд токму во поглед на тој интернационализам отишол далеку напред. Реков, тоа е меч со две острици-од едната: можност за идејна широчина — и од другата: можност за идејно развивање.

Очигледно беше барем оваа вечер дека еден Ролф Бриксон и еден Душко Гојковиќ свират „личен" џез исто толку добро како што сви-

рат од спротивната страна, но сепак во тој истиот ден, еден басиста со неограничени изразни можности како што е ова име РОБ ЛАНГЕРАЈС и алтсаксафонисттот Хајнц Фон Херман.

Чуден состав е Минхенскиот интернационален. Има во него на пример, џезер кој три години активно работел со Елингтон и кој џезар денес е веќе во години, па според тоа не може и нешто битно да менува во својот стил, идеи и начин на експонирање — наспроти, веќе реков млади и талентирани џез — солисти! Точно така! Џез-солисти!

Еден Бусенело е Италијанец, кој свиреше во првата дувачка линија, баритон — саксафон. Човек со доста смисол за импровизација, префинет фкус и осет за интензитет. Меѓутоа што се случува? На целиот концерт од два и пол часа тој добива само една соло делница од една минува и тоа во „завесата" на концертот.

Истото го мислам, а кога јас нешто мислам најчесто и го велам — за пијанистот Роб Франкен.

Тоа е таа категорија на музичари за кои мислам оти пишував на почетокот. Сè уште непотврдени од разни причини, но најзаслужни за општиот вкус и бојата на бендот. Тоа се всушност музичари кои се задолжени за се: „вадење" од аритмија, ситно дотерување, извлекување на оние поквалитетните и попознатите. Тие се оние кои долго време музицираат за други. И во џезот постои хиерархија.

Посебно нешто за мене преставуваат двајцата тапанари: Југословенот Бранислав Ковачев и Германецот Хелмут Броер. Додека Ковачев го има во себе она вродено (кај секого непостои) за ритам — германецот се одликува со техника.

Ковачев: голем коефициент на идеи во „чиста" импровизација, по интензитет на „ударање" толерантен до извесна граница.

Германецот: Беспрекорна ритмичка прецизност, техника веќе реков, висока култивираност на изразот што повлекува и дискретност со музичка одмереност итн.

За мене, велам, за мене — Германецот е подобар.

За останатите веќе реков, а за американската вокалистка Барбара Феилд сега ќеречам: можеше и без неа, да помине сè. Останува општиот впечаток: Слушавме доста добар биг-бенд од европски ранг но друго е тоа што само на моменти тој истиот бенд успеваше да го исфрли на површина своето лично. Тоа е оркестар кој се труди допрва да изгради свој стил и саунд, но за мене сепак останува впечатокот дека еден седумдесеттогодишен чичко кој се вика Дјук — има доста големо влијание врз нив. За тоа имаш неколку реда подолу.




Не знам зошто, но многу малку чувме нешто од ориенталните ритми и аранжмани кои на Душко Гојковиќ му се добро познати на кои тој често се навратува.

За музиката и концертот

Останува непремостив впечатокот дека Елингтон е скоро на секаде присутен низ бендот. Почнувајќи од композициите кои беа на репертоарот онаа вечер, па преку аранжманската важност распред на одделни инструменти, (дувачките) се до бојата и звукот на целиот состав. Од вкупните десет композиции: пет беа на Дјук Елингтон, три на водачот Душко Гојковиќ, една на Џемс Тејлор и една синтеза за вокал — од Боса — нова и самба. Кога го реков она дека биг — бендот, само на моменти успеваше да го избие на површина своето лично, мислев и на аргумент. Тоа се чувствуваше на два — три пати, и тоа без никаква исфорсираност, куртоазија, и обзири својствени на добро воспитани гости. Беше тоа токму во оние две композиции на трубачот Гојковиќ за кои изворноста е земена од македонскиот фолк. Првата имаше наслов „Скопски ноќи", а втората беше џез свитата во четири дела „Македонија". Иако во двете немаше којзнае какво богатство на ритам, се одвиваше околу популарната „петка", токму во нивната интерпретација бендот да чело со својот водач доби свој печат на особеност и нешто по што се разликуваше.

Посебен впечаток остави свитата „Македонија".

За џезот на живо најважна е атмосферата. Се разбира музичарите се тие кои почнуваат да ја создаваат но до извесна степен. Потоа на ред доаѓа публиката, но само онаа најистрајната, за да го доврши започнатото.

Се разбира, тука мислам на солидна основа.

На концертот на составот на Душко Гојковиќ го имаше, за голема радост и уживање на секој кој барем и само помислува на џезот и првото и второто.

Имаше тука по дел од сè она убаво што ја создава целината на џезот. И однос, атмосфера, интересирање дури и разбирање.

Сепак, за мене, првиот дел на концертот беше во секој случај поуспешен и подобар од вториот.

И уште нешто да не заборавам.

Пред донесувањето на оценката за Минхенскиот интернационален џез состав на Душко Гојковиќ, треба да се земе во обзир, колку и што од џезот слушаме ние во Скопје!

Паузата, од година на година, е и премногу долг временски пандан за џез музиката, макар таа и само да треба да се слуша.

Толку!

МАРКО КОВАЧЕВСКИ


ЦРНКИ, ЦРНКИ И САМО ЦРНКИ! Е, МАМЕТО НИВНО, СОСЕМ МИ ДОСАДИЈА!
ЕХ, ОД КОГА НЕ СУМ ПРЕВРТИЛ ВИСТИНСКА БЛОНДИНКА!...
ОПАА, ЕНЕ ЕДЕН БЛОНД-УНИКАТ!!!
ПО ЃАВОЛИТЕ, ПА НИ ТАА НЕ Е ПРАВА БЛОНДИНКА!



# »ЦРНО СЕМЕ«

## СЕ УШТЕ НЕПРИКАЖАН

Игран филм на Кирил Ценевски



човек на човек
палка, јаже, пушка, пиштол,
камшик,
тортура, маченици,
убиства, стрелање, смрт, умирање,
крв

**ТЕМА:** 1946 година, Егејска Македонија
силно влијание на Комунистичката партија
многу одреди на грчката војска
преминуваат на страната на партизаните
големи чистки во редовите на грчката војска
тенденциозно најповеќе страдаат
Македонците — геноцид
интернирање
острови
злогласни логори
отпори
потпишувања
судбини

**ИДЕЈА:** третман на маса
одвоеност на луѓето
недовериливост
самотија
неорганизираност
идеологија, идеја, идејност

**МЕСТО НА ДЕЈСТВИЕ:** пуст остров во Егејско море
на Балканот
во Европа
светот
суvотија, камен пеколно сонце
логор

**ЛИЧНОСТИ:** ќелав човек
искомплексиран
тврдоглав
глава споредена со задница
човек кој што се чуди на сите страотии
кој што не може да ги сфати најразличните тортури
со некој чуден инстикт ја брани својата личност
симбол на Македонецот роден во туѓа држава
добродушен
човек кој што сака секому да помогне
резигниран
изгубен
осамен
сам

**КОМУНИСТ**
интелектуалец
учен
идеалист
храбар, силен, јак, издржлив
провокатор
разочаран во масата
загинува

**ДРУГИ ЛИЧНОСТИ**
— предавник
— капо
— мајор хомосексуалец
— и други

**СОДРЖИНА:** транспорт, камион, војници, пукање
касарна, испитување, изнудување на потпис
тепање, отпор
транспорт, брод, смрдеа, мачење
остров, камен, сонце, тортури
отпор
повторно тортури, мачење,
потпишување
лудила
повторно отпор
херојска смрт и
стоицизам

---

Доне и Марко

два стражара —
влегуваат во канцеларијата на капетанот —
капетанот полулегнат на масата —
уморно се исправува —
го загледува Доне —
лицето му се разведрува —

— НАЈПОСЛЕ И ТИ СИ ПАК ТУКА, А СИ РЕКОВ ГО НЕМА ОНОЈ СО ГЛАВАТА КАКО ГОЛ ГАЗ

задоволно ги трие рацете —
се смешка —

— ЗАВРТИ СЕ

гол газ —
гол газ —
гол газ —
капетанот го фаќа Доне за уво —
му ја наведнува главата покрај голиот газ на војникот —

— КОЛОСАЛНО, ФАНТАСТИЧНО

хистерично смеење —
хистерично смеење —
хистерично смеење —

— НИЦА ТРЕБА ДА СЕ ЗАПАЛАТ. ВАС ОТТАМУ ТРЕБА ДА ВЕ ПРОТЕРАМЕ, КУЧИЊА. ПОД НОЖ СИТЕ.

наеднаш се смирува —

— СЕ РАЗБИРА, ОНИЕ ШТО ЌЕ
— МУ ЈА ИЗРАЗАТ ЛОЈАЛНОСТА НА КРАЛОТ СЕ НЕШТО ДРУГО, ПА МАКАР БИЛЕ И ЕНДОПИ. ЕВЕ ПОТПИШИ И ЌЕ ТЕ ОСЛОБОДИМЕ

Доне стои —
молчи —


ЦРНО
СЕМЕ

# КАРИКАТУРИ

ГРЧЕВ








ГРЧЕВ










ГРЧЕВ





мирослав

МГ

грчев